РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# 2015

# ИЗВЕШТАЈ

## ВТОР КВАРТАЛ



# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## *Царинска регулатива*



Во април 2015 е донесена **измена на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр.62/15). Со измените на Уредбата за спроведување на царинскиот закон се врши одложување на примената на одредбите кои се однесуваат на поднесување и обработка на влезна збирна декларација, излезна збирна декларација, збирна декларација за привремено чување и извозна декларација, изготвени со техника на електронска обработка на податоци (електронски царински декларации), до 1 јануари 2016 година. Одложувањето на примената на овие одредби се врши од причина што примената на истите е директно поврзана со ставањето во функција на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), кој што треба целосно да се имплементира во Царинската управа во текот на 2015 година.

Во мај 2015 година е донесен **Закон за ратификација на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Закон за ратификација на Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока,** („Сл.весник на РМ“ бр. 86/15).

Со Законот за ратификација на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка Собранието на Република Македонија ја ратификуваше консолидираната верзија на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока, склучени во Интерлакен на 20 мај 1987 година со сите нивни измени. Со ратификација на овие две конвенции и со поднесување на инструмент за пристапување до Генералниот секретаријат на Советот на Европските Заедници се стекнуваат условите Република Македонија да стане договорна страна на овие две конвенци. Пристапувањето ќе влезе во сила на првиот ден од вториот месец по поднесувањето на инструментот за пристапување, односно на 1 јули 2015 година. Со пристапувањето кон споменатите конвенции, Република Македонија станува дел од европскиот транзитен систем и стекнува можност да учествува во спроведување на заедничката транзитна постапка која по правило се извршува со употреба на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитните формалности со употреба на техника на електронска обработка на податоци. Заедничката транзитна постапка е постапка во која стоката се превезува под контрола на надлежните органи од една испостава на некоја договорна страна (на пример Македонија) до друга испостава на истата договорна

страна или до испостава на друга договорна страна (на пример Норвешка) со минување на најмалку една граница. Заедничката транзитна постапка се извршува со употреба на еден транзитен документ и една гаранција кои важат за сите договорни страни. Договорни страни во заедничката транзитна постапка се: земјите членки на ЕУ (сите 28 земји), земјите членки на ЕФТА (Норвешка, Швајцарија и Исланд), Турција и Република Македонија. Од аспект на примената на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, Турција и Република Македонија имаат третман на ЕФТА земји и сите одредби од конвенцијата кои се однесуваат на ЕФТА земјите, соодветно се применуваат и на Турција и на Република Македонија. Заедничката транзитна постапка може да се извршува како Т1 или Т2 постапка, во зависност од случајот. Постапката Т2 може да се применува само за стока која што има статус на стока на Заедницата, која во Република Македонија пристигнала во постапка Т2 и истата повторно се изнесува од царинското подрачје согласно посебните услови пропишани во членот 9 од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка. За сите други стоки се спроведува Т1 постапка. Со пристапувањето на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока значително ќе се поедностават формалностите и ќе се забрза транзитната постапка. Исто така, со пристапувањето и полноправно членство во траење од најмалку една година, се исполнува еден од условите за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

Во јуни 2015 е објавен **Закон за измена и дополнување на законот за трговија** („Сл.весник на РМ“ бр.97/15), со кој се регулира увозот на употребувани моторни возила од страна на физички лица. Со пропишаните измени се дава можност за трговијата на мало на употребуваните моторни возила да се врши покрај организираните пазари и на посебно уреден простор за продажба на употребувани моторни возила (автоплацеви). Поконкретно во измената на член 30 на Законот за трговија се пропишува дека Владата може да пропише ограничување на бројот на употребувани моторни возила кои физичките лица-граѓаните може да ги увезат за сопствени потреби за одреден временски период.

## *Царинска тарифа*

Во мај 2015 година е донесена измена и дополнување на **Законот за царинска тарифа** („Сл.весник на РМ“ бр.81/15), каде се направени намалувања на царинските стапки кон трети земји во девет тарифни ознаки, додека во две тарифни ознаки има промени во текстот на наименувањето. Со измените во член 1 се врши намалување на царинска стапка за тарифните ознаки кои се однесуваат на репроматеријали за производство на зајакната ткаенина од фибер глас потребни за производство на ветерници, авиони, бродови, автомобили и други индустрии, за суровини кои се употребуваат во производство на електрични кабловски инсталации наменети за автомобилската индустустрија, а со проширување на текстот на наименуванијата кои се однесуваат на овошната пулпа и концентрати во пакувања со нето маса поголема од 100 кг. се овозможува намалена царинска стапка при увоз на овие производи кога истите се наменети и за земјоделска употреба. Со ова ќе се овозможи истите да се употребат како хранлива компенента во процес на производство на саден материјал.

## РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во мај 2015 година се објавени **Листи на квоти предвидени за третото тромесечие од 2015 година** („Сл. весник на РМ" бр.106/15) и истите се применуваат од 01.07.2015 година. Извршена е измена на царинските давачки во рамки на квота за увоз од Европска унија и тоа за стока што се распределува во тарифните броеви 0406 10, 0406 20, 0406 30, 0406 90, 0701 90 90, 2201 и 2402 20 и истите изнесуваат 0%.

### *Заштита на правата од интелектуална сопственост*

Во мај 2015 година е донесен новиот **Закон за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост** („Сл.весник на РМ" бр.88/15). Структурата на истиот е изработена врз основа на новата регулатива на ЕУ бр. 608/2013, при што постои значителна разлика во врска со постојниот Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, кој е базиран на старата Регулатива на ЕУ бр. 1383/2003. Освен тоа, во делот на спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост новиот закон комплетно ќе биде усогласен со новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД (CDEPS), кој е во фаза на реализација во Царинската управа. Со овој закон се уредуваат условите и постапките за преземање дејствија од страна на царинскиот орган кога постојат оправдани причини за сомневање дека стоката ги повредува правата на интелектуална сопственост, е или треба да биде предмет на царински надзор или царинска контрола во царинското подрачје на Република Македонија согласно царинските прописи, во случаите кога е декларирана за пуштање во слободен промет, извоз или повторен извоз, се внесува или изнесува од царинското подрачје на Република Македонија или кога е ставена во постапка на транзит или е ставена во постапка на царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола или привремен увоз, или која е ставена во слободна зона или слободен склад во согласност со царинските прописи.

### *Акцизи*



Во мај 2015 година е донесена измена и дополнување на **Правилникот за спроведување на Законот за акцизите** („Сл. Весник на РМ" бр. 76/15). Со измените и дополнувања на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите, се воспоставува можноста за издавање на акцизна дозвола на лица кои самостојно вршат дејност со нафтен кокс. Количинскиот услов за издавање на акцизна дозвола е

утврден на 50.000 тони, кои од акцизниот склад се испраќаат во текот на една календарска година.

## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во врска со царинското работење во Република Македонија[1], во текот на вториот квартал од 2015 година, се донесоа следниве акти:

- во „Сл.весник на РМ“ бр. 50/15:
  - Одлука за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2014/730/ЗНБП на Советот од 20 октомври 2014 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија;
  - Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/728/ЗНБП на Советот од 20 октомври 2014 година за изменување на Одлука 2010/638/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Република Гвинеја;
- Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал – расад од градинарски растенија („Сл.весник на РМ”бр. 53/15);
- Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Резолуцијата 2170 (2014) на Советот за безбедност на Обединетите нации против физичките лица од Анексот на Резолуцијата 2170 (2014) на Советот за безбедност на обединетите нации, заради закана кон меѓународниот мир и безбедбност причините од тероризам („Сл.весник на РМ “бр.59/15);
- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно - здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Сл.весник на РМ“ бр. 63/15);
- во „Сл.весник на РМ“ бр. 97/15 донесени се следните акти:
  - Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлука на Советот 2015/487/ЗНБП од 20 март 2015 година за изменување на Одлука 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Босна и Херцеговина;
  - Одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлука за спроведување на Советот (ЗНБП) 2015/117 од 26 јануари 2015 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија;
  - Одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2015/277 од 19 февруари 2015 година за изменување на Одлука 2011/101/ЗНБП за рестриктивни мерки против Зимбабве;
- во „Сл.весник на РМ“ бр. 94/15 донесени се следните акти:

[1] РМ

- Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување на Советот (ЗНБП) 2015/383 од 6 март 2015 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија;
- Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 20154/157 од 30 јануари 2015 година за изменување на Одлука 2011/72/ЗНБП за рестриктивните мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис;
- Одлука за воведување на рестриктивни мерки заради закани кон меѓународниот мир и безбедност причинети од терористички акти, согласно Резолуцијата 2204 (2015) на Советот за безбедност на Обединетите нации;
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на патниот налог;

- Решение за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија („Сл.весник на РМ"бр. 70/15);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната („Сл.весник на РМ"бр. 72/15);
- Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стоки („Сл.весник на РМ"бр. 82/15);
- Одлука за воведување на рестриктивните мерки согласно Резолуцијата 2199 (2015) на Советот за безбедност на Обединетите нации против ИДИЛ, ФАН и останатите поединци, групи, организации и субјекти поврзани со „Ал-Каеда" кои претставуваат закана по меѓународниот мир и безбедност („Сл.весник на РМ"бр. 83/15) ;
- во „Сл.весник на РМ" бр. 88/15:
  - Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство;
  - Закон за изменување и дополнување на Законот за лекови и медицински помагала.



***Активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнувањето на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија продолжуваат да бидат главна точка во агендата на Царинската управа за 2015 година.***

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО ЕУ

Во април 2015 година е донесена **измена и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура** согласно регулативите на Европската комисија („Сл.весник на РМ“ бр. 67/15). Истата претставува петто дополнување на основната Уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија, објавена во „Сл.весник на РМ“ бр. 2/2014.

Со Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија, се усвоени вкупно 11 нови регулативи на ЕУ кои се донесени во период од 01.10.2014 до 31.12.2014 година.

Регулативите се однесуваат на распоредување на разновидна стока како на пример: ново моторно возило од типот pick-up, турбинско тркало, склопка од печатено коло, полупроводнички компоненти, водечки катетар, балонски катетар, производ од титаниум. Распоредувањето на наведените стоки се совпаѓа со распоредувањето на таква и слична стока увезена во Република Македонија и не предизвикува измени во примената на Царинската тарифа.

# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

### *Пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка*




На 18 мај 2015 година, Генералниот секретаријат на Советот на Европските Заедници, како депозитар на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока, по претходна одлука на Мешовитата комисија, до Мисијата на Република Македонија во Европската унија, испрати покани за пристапување на Република Македонија кон претходно споменатите конвенции. Добивањето на поканите од Генералниот секретаријат на Советот на Европските Заедници е единствен начин за пристапување кон споменатите конвенции. Истите следат по успешно спроведената оценска мисија од страна на Мешовитата комисија, во рамките на која позитивно беше оценета подготвеноста на Република Македонија за пристапување кон конвенциите од аспект на степенот на усогласеност на националното царинско законодавство во делот на транзит и обрасците и начинот на пополнување на Единствениот царински документ (ЕЦД), усогласеноста на националниот Нов комјутеризиран транзитен систем (НКТС) со барањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, обученоста на царинските работници, економските оператори и другите учесници во заедничката транзитна постапка и соодветна организациона поставеност на Царинската управа согласно барањата на заедничката транзитна постапка. Пристапувањето на Република Македонија кон споменатите конвенции, кое официјално треба да се случи на 1 јули 2015 година е од големо значење за економските оператори, Царинската управа и за Република Македонија во целина. Заедничката транзитна постапка на економските оператори им овозможува полесно и побрзо движење на стоката, поедноставување на царинските формалности преку електронска обработка на податоци при спроведување на истите и намалување на трошоците на постапката со овозможување на користење на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитната постапка со единствен транзитен документ и единствена транзитна гаранција од било кое место на поаѓање до било кое одредиште во рамките на договорните страни на конвенциите.

На Царинската управа на Република Македонија заедничката транзитна постапка ѝ овозможува зголемување на ефикасноста и ефективноста на транзитната постапка, унапредување на системите за превенција и откривање на измами, како и

зголемување на безбедноста при спроведување на транзитните операции. На Република Македонија во целина, спроведувањето на заедничката транзитна постапка ќе и овозможи исполнување на еден од условите за пристапување кон Европската Унија.

## РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ

### *Царина 2020 – Програма на Европската комисија*

***Програмата на ЦАРИНА 2020 (финансирана од средства на ЕУ и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки.***

Во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2020 во текот на вториот квартал 2015 година се одржаа следните активности:

- Состанок на националните координатори на Програмата Царина 2020 и состанок на менаџерите на Проектот on-line соработка и размена на информации (PICS), во Будимпешта, Унгарија;
- Семинар на највисоко ниво за ревизија на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански правила за потекло, во Подгорица, Црна Гора;
- Обука за CCN User Manager Services Applications, во Брисел, Белгија;
- Состанок на проектна група за ИТ технологии и инфраструктура во Брисел, Белгија и
- 7-ми состанок на електронската царинска група со трговската контакт група, во Брисел, Белгија.

### *EXBS - Програма за контрола на извозот и гранична безбедност при Амбасадата на САД во Скопје*

Во рамки на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД во Скопје во периодот јануари - јуни 2015 година се одржаа следните активности:

- Попречување оружје за масовно уништување со македонски инструктори, во Скопје;
- Управување со чамци I на крајбрежната стража на САД, во Охрид и
- Регионален семинар при транзит и транзитна контрола „Справување со предизвиците при имплементација на транзитна контрола на стратешки стоки без и со претовар", во Загреб, Хрватска.

## *ИПА ПРОЕКТИ*

Приоритетните активности на Царинската управа се насочени кон целосно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување со организациските барања, како и развој на административниот и институционалниот капацитет. Во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од **Инструментот за претпристапна помош (ИПА)**, Царинската управа се јавува како корисник на средства за следниве проекти:

- **Јакнење на капацитетите на Царинската управа за имплементација на царинското и акцизното законодавство (ИПА 2010)** чија главна цел е понатамошно усогласување на законодавството со acquis во областа на акцизите и царинското работење. Проектот се одвива во рамки на два **потпроекти, и тоа:**
  1. **Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите (ИПА 2010),** кој треба започна во текот на првиот квартал на 2015 година и се реализира со помош на Царинската служба на Австрија како твининг партнер во период од 24 месеци.
  2. **Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА 2010)** кој започна да се имплементира во втората половина од 2014 година заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на НКТС. Целта на овој проект е во период од 24 месеци да се спроведат последните подготвки на регулативата и интерните процедури за членство во Конвенцијата за заеднички транзит.
- **Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (ИПА 2011)** чија главна цел е зајакнување на капацитетот на Царинската управа во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост.
- **Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012).** Проектот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 $м^2$, како и изградба на придружни објекти.
- **Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на Граничниот премин за патен промет Ќафасан (ИПА 2013),** преку кој ќе се изгради нов увозно извозен царински терминал од 9.500 $м^2$, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи како и реконструкција на постојните објекти.

Реализацијата на последните два проекти значително ќе ја подобри инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, ќе го намали времето потребно за вршење на граничните формалности и ќе овозможи примена на современи средства за инспекција, со што ќе се забрза и олесни стоковата размена, а воедно ќе се олесни и забрза транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.



***Менаџментот со човечки ресурси е важна алка од синџирот на менаџментот во институциите воопшто. Свесна за ова, Царинската управа и во текот на 2015 година ќе продолжи континуирано да инвестира во неговата надградба и развој, сметајќи ги како движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ, поточно за подобрување на делотворноста на институцијата како државен орган.***

## *Основи*

Во периодот април - јуни 2015 година, се донесени следниве правилници и измени и дополнувања на Закон за Царинска управа со кои се регулира работењето во областа на човечките ресурси во царинското работење:

- **Упатство за спроведување на интерен оглас за пополнување на слободно работно место во Царинската управа,** со кое се пропишува начинот на спроведување на постапка по интерен оглас за пополнување на слободно работно место во Царинска управа на кое со договор за вработување или со решение за работа не е распореден царински службеник;
- **Закон за изменување и дополнување на закон за Царинска управа** („Сл.весник на РМ“ бр. 61/15) со кој се врши измена на временото унапредување на царински службеници во согласност со професионалното искуство, знаење, квалификации и исполнување на условите утврдени во актот за систематизација на работни места во Царинска управа.
- **Правилник за начин на унапредување на царинските службеници во Царинската управа** („Сл.весник на РМ“ бр. 70/15), со кој се пропишува начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа врз основа на професионални активности, квалификации, работна способност и оценка на работната изведба. Унапредувањето на царинските службеници се врши во рамките на една категорија од едно ниво во следното повисоко ниво, без да се врши прескокнување на степенот на нивото на работното место со нивото во хиерархијата на работните места утврдени во актот за систематизација на работните места и Законот за Царинската управа
- **Правилник за службена облека, ознаки на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници** („Сл.весник на РМ“ бр. 76/15), со кој се пропишува видот, кројот, бојата и времетраење на службената облека, ознаките на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници. Со овој правилник направена е измена во делот на изгледот на униформата и составот на ткаенината кој е детално опишан во правилникот.



На крајот на јуни во 2015 година во Царинската управа се вработени 1.136 лица. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.009 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 13 лица се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 111 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 27 вработени се магистри, 635 се со високо образование, 20 се со вишо образование, 424 се со средно образование и 30 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 55,9% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организациона единица | 2014 | | | 2015 | | | |
| | | 31.03. | 30.06. | 31.12. | 31.03. | 30.04. | 31.05. | 30.06. |
| 1 | Кабинет на генерален директор | 10 | 11 | 10 | 10 | 10 | 10 | 9 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка проекти и европска интеграција | 5 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и застапување пред судовите | 18 | 18 | 16 | 16 | 17 | 17 | 16 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 18 | 18 | 27 | 16 | 14 | 14 | 13 |
| 6 | Одделение дежурен царински центар | | 16 | 18 | 18 | 17 | 17 | 17 |
| 7 | Сектор за управување со човечки ресурси | 20 | 18 | 17 | 19 | 19 | 19 | 18 |
| 8 | Сектор за административни и технички работи | 177 | 177 | 183 | 184 | 184 | 183 | 181 |
| 9 | Сектор за ИКТ | 25 | 25 | 28 | 31 | 30 | 30 | 29 |
| 10 | Сектор за сметководство и финансии | 40 | 40 | 39 | 37 | 37 | 37 | 36 |
| 11 | Сектор за професионална одговорност | 19 | 17 | 15 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| 12 | Сектор за Царински систем | 40 | 36 | 29 | 32 | 39 | 38 | 38 |
| 13 | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | | | 17 | 19 | 21 | 21 | 21 |
| 14 | Сектор за контрола и истраги | 115 | 92 | 91 | 90 | 91 | 91 | 91 |
| 15 | Регионална Царинарница Скопје | 226 | 229 | 214 | 222 | 219 | 219 | 218 |
| 16 | Регионална Царинарница Битола | 116 | 118 | 119 | 122 | 122 | 123 | 124 |
| 17 | Регионална Царинарница Гевгелија | 134 | 135 | 127 | 121 | 121 | 122 | 122 |
| 18 | Регионална Царинарница Куманово | 125 | 126 | 122 | 123 | 120 | 122 | 123 |
| 19 | Регионална Царинарница Штип | 55 | 54 | 54 | 55 | 54 | 54 | 56 |
| Вкупно | | 1,146 | 1,139 | 1,135 | 1,140 | 1,139 | 1,141 | 1,136 |

## *Вработување*

Во април 2015 година во Царинската управа распишани се вкупно 26 интерни огласи за пополнување на 82 работни места, од кои 12 раководни работни места. На

интерните огласи се пријавиле вкупно 10 кандидати. Од вкупно пријавените пополнети се 4 работни места, од кои едно раководно работно место.

Во мај 2015 година во Царинската управа, ново вработени се 5 царински службеници врз основа на спроведен јавен оглас.

# *Обуки и стручно оспособување*

## *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во вториот квартал од 2015 година, се спроведени 100 активности за стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно 1.485 учесници[2]. Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од **4,88** часа (4 часа и 52 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просек од 6,39 часа (6 часа и 23 минути).
За вториот квартал од 2015 година реализацијата на Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници за делот Обуки за специјализирани надлежности е следна: од планираните 12 реализирани се 8 (67% реализација).

Позначајни обуки одржани во вториот квартал од 2015 година се:

- **Работилница за обезбедување на интероперабилност и електронско поврзување помеѓу институциите.** Целта на работилницата беше обезбедување на интероперабилност и електронско поврзување помеѓу институциите.
- **Обука за Новиот компјутеризиран транзитен систем - испитна постапка и постапка за наплата.** Целта на обуката беше учесниците да се подготоват за независно работење со националната апликација за транзитни постапки во поглед на испитната постапка и постапката за наплата;
- **Обука за давање на прва помош при управување со чамци.** Обуката е наменета за царински службеници од одделението за оперативни работи кои треба да полагаат испит за стекнување со звање за управувач на чамец;
- **Работилница за царинска вредност - попусти и рабати кои влегуваат во царинска вредност на стоката.** Целта на работилницата беше презентирање на постоечките законски и подзаконски прописи и размена на искуства од секојдневното работење;
- **Обука на обучувачи во рамките на ТВИНИНГ проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупција“.** Целта на обуката беше методологија за осмислување и развивање програма за обуки и начини на спроведување на самите обуки;
- **Обука за контрола на трговски друштва за употреба на акцизните маркички во внатрешен промет.** Целта на обуката беше запознавање со законските основи, постапката, процедурата и подготовка на потребна документација и докази по откриените неправилности;

[2] Од 1.147 вработени 720 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки.

- **Работилница за распоредување на млечни производи, додатоци на храна и повеќе функционални уреди.** Целта на работилницата беше да се обезбеди ажурирање на класификацијата на млечни производи, додатоци на храна и на најновите мулти-функционални високо-технолошки уреди и еднообразна примена на Номенклатурата на хармонизираниот систем;
- **Практична обука за НКТС - Конвенција за заедничка транзитна постапка.** Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со одредби, предвидени измени на законски и подзаконски акти, измени во начинот на спроведување на транзитни формалности со Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и практична примена.

За надворешните институции, Царинската управа во соработка со стопанските комори, економските оператори и други институции организираше и одржа 6 советувања, презентации и обуки на кои учествуваа вкупно 200 претставници од бизнис заедницата, како и вработени во институции чии работни процеси вклучуваат царинска постапка.Теми на кои се одржаа овие настани се:

- Пристап кон Конвенција за заеднички транзит – НКТС;
- Состанок со банки за пристап кон Конвенција за заеднички транзит – НКТС;
- Спречување на пролиферација, ХБРН оружје и материјали;
- Правила на потекло на стоките и
- Запознавање со Конвенцијата за заедничка транзитна постапка - гаранции; формалности во појдовна и одредишна испостава.

## *Интегритет*




***Интегритет на ниво на една организација, значи „отпорност на корупција“. Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет.***

Во јуни 2015 година, се спроведени **12** внатрешни истраги/контроли (во втор квартал 2015 година, 30) врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наоди за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите

единици и вработените во Царинската управа. Во истиот период во 2014 година се спроведени вкупно **9** внатрешни истраги (во втор квартал 2014 година 37).

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | | | 2015 | | | | | |
| Организационен дел | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Централна управа | 9 | 3 | 18 | 3 | | | 1 | 1 | 4 |
| Царинарница Скопје | 16 | 9 | 39 | 10 | 3 | 2 | 4 | 9 | 19 |
| Царинарница Куманово | 8 | 7 | 34 | 8 | 1 | 3 | 3 | 7 | 15 |
| Царинарница Штип | 2 | 4 | 7 | 1 | | 2 | | 2 | 3 |
| Царинарница Гевгелија | 3 | 9 | 22 | 5 | | 1 | 4 | 5 | 10 |
| Царинарница Битола | 3 | 5 | 17 | 3 | 5 | 1 | | 6 | 9 |
| **Вкупно** | **41** | **37** | **137** | **30** | **9** | **9** | **12** | **30** | **60** |

Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, во јуни 2015 година извршени се **6** внатрешни инспекции (во втор квартал 16), споредбено со јуни 2014 година кога се извршени **9** внатрешни инспекции (во втор квартал 27).

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | 2014 | | | 2015 | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Централна управа | 2 | 5 | 11 | 8 | | | | 0 | 8 |
| Царинарница Скопје | 10 | 14 | 31 | 7 | 5 | 4 | 2 | 11 | 18 |
| Царинарница Куманово | 0 | 3 | 9 | 2 | | 1 | 2 | 3 | 5 |
| Царинарница Штип | 3 | 0 | 10 | 1 | | | | 0 | 1 |
| Царинарница Гевгелија | 4 | 3 | 14 | 1 | | | 2 | 2 | 3 |
| Царинарница Битола | 4 | 2 | 19 | 1 | | | | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **23** | **27** | **94** | **20** | **5** | **5** | **6** | **16** | **36** |

Во текот на вториот квартал од 2015 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа **примени 7 поплаки,** споредбено со истиот период 2014 кога се примени 16 поплаки. Од поднесените поплаки, во кои странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања, по извршените внатрешни истраги во ниту еден случај не е утврдена одговорност кај царинските службеници.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да доставаат пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во периодот април - јуни 2015 година од страна на царинските службеници се поднесени

**7** анкетни листови, **14** обрасци за промена на имотната состојба и **3** изјави за судир на интереси, додека за истиот период минатата година се поднесени **21** анкетни листови, **20** обрасци за промена на имотната состојба и **10** изјави за интереси.

Во текот на вториот квартал од 2015 година, изговени се: 3 решенија за изречена парична казна, 2 решенија за запирање на дисциплинската постапка поради неутврдена одговорност, едно решение за отказ и едно решение за писмена опомена. Во истиот период изготвени се 4 решенија за намалување на плата.




## *Наградување и унапредување*

Во вториот квартал 2015 година во Царинската управа извршени се вкуно 47 унапредувања. Во Централна управа унапредени се 23 царински службеници: 3 царински службеници на работно место главен инспектор, 4 царински службеник на работно место началник, 7 царински службеници на работно место самостоен советник, 3 царински службеници на работно место советник, 3 царински службеници на работно место шеф на служба и 3 царински службеници на работно место оператор.
Истиот квартал во царинарниците се унапредени 24 царински службеници: 6 царински службеници на работно место виш цариник контролор, еден царински службеник на работно место шеф на служба за надзор на иматели на одобрение, 6 царински службеници на работно место самостоен советник во служба за царински надзор, 7 царински службеници на работно место водач на смена, 3 царински службеници на работно место шеф на царинска испостава и еден царински службеник на работно место оператор за царински надзор.

## *Внатрешна ревизија*

Во периодот април - јуни 2015 година, извршени се вкупно **5 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 26 наоди и дадени се вкупно 28 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.
Во текот на мај 2015, изготвен е Извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2014 година, кој е доставен до Министерството за финансии – Централна единица за хармонизација, како прилог на Годишниот финансиски извештај на Царинската управа на Република Македонија.

Во периодот април - јуни 2014 година, извршени се вкупно **6 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 20 наоди и дадена е вкупно 21 препорака за подобрување на работењето во Царинската управа.

## *Основи*

Во текот на вториот квартал 2015 **до Комитетот за управување со животен циклус на апликации (КУЖЦА)** поднесени се следните Предлог проектни документи (ППД):

- ППД за надградба на апликацијата за евиденција за одобренија и лиценци за застапување;
- ППД за надградба на апликацијата за евиденција на фотографии од царинети и употребувани возила и
- ППД за изработка на нов модул за пост - царински и акцизни контроли во ЕДМС, за потребите на Одделението за контрола на трговски друштва.

Овој период во тек беа реализирани дополнителни функционални измени на документите во ЕДМС кои се со степен на класификација согласно Законот за класифицирани информации. Како тема на дискусија беше и предлогот за времено ставање во мирување на апликацијата E_lohn.

Во овој период почна и тестирањето на надградбата на модулот за евиденција на пост царинска и акцизна контрола поставен во ЕДМС. Како значајни активности на работа на Комитетот се постојаните состаноци на тема степен на имплементација на новите ИТ системи во Царинската управа. Во овој квартал е направена и модификација на Каталогот на услуги на Секторот за ИКТ, кој е планирано да биде презентиран на јулскиот состанок на Комитетот.

## *Административни постапки*

Во текот на вториот квартал 2015 година остварени се 89.096 пристапи и креирани се 25.086 предмети, притоа се регистрирани 1.136 корисници. Во текот на вториот квартал 2014 година остварени се 83.535 пристапи и креирани се 23.110 предмети, притоа се регистрирани 1.128 корисници.

**КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС)**

| Опис | 2014 | | | 2015 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Корисници | 1,141 | 1,128 | 1,130 | 1,137 | 1,136 | 1,135 | 1,136 | 1,136 | 1,136 |
| Пристапи | 70,748 | 83,535 | 322,109 | 82,075 | 31,214 | 25,200 | 32,682 | 89,096 | 171,171 |
| Отворени предмети | 20,131 | 23,110 | 89,442 | 22,966 | 8,593 | 7,357 | 9,136 | 25,086 | 48,052 |

Во текот на вториот квартал 2015 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (12.424 од кои затворени се 7.404), прекршочни и мандатни постапки (989 од кои затворени се 288), управни постапки (708 од кои затворени се 4) и акцизни постапки (579 од кои затворени се 96).

Во текот на вториот квартал 2014 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (3,793 од кои затворени се 2.693), прекршочни и мандатни постапки (239 од кои затворени се 97) и акцизни постапки (207 од кои затворени се 34).
Во текот на вториот квартал 2015 година најголем број предмети и документи се креирани (отворени и затворени) од страна на царинарница Скопје (над 17,3 илјади), царинарница Гевгелија (над 9,6 илјади) и царинарница Битола (над 6,5 илјади).
Во текот на вториот квартал 2014 година најголем број предмети и документи биле отворени од страна на царинарница Скопје (14.9 илјади), царинарница Гевгелија (8.4 илјади) и царинарница Куманово (над 5.4 илјади).

## *Безбедност и комуникација*

**Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија.**



Во системот се вклучени 223 корисници од органите на државната управа, кои во текот на вториот квартал 2015 година реализираа 206 повици, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои остварија 106 видеоконференциски повици. Во вториот квартал 2014 година Органите на државната управа оствариле 367 повици, додека корисниците од Царинската управа оствариле 399 повици.

## *ИКТ поддршка*



Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во вториот квартал од 2015 година донесени се:

- **Упатство за начинот и условите за пристап во информатичко комуникацискиот систем на Царинската управа** кое има за цел да обезбеди сигурност и безбедност на системите на Царинската управа, точност и доверливост на податоците. Со ова упатство се утврдени различните кориснички пристапи и нивоа на привилегии во МАКЦИС;
- **Процедура за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите надвор од работното време**, која има за цел да обезбеди непрекината работа на системите во Царинската управа надвор од работното време, во празници, викенди и слично. Процедурата е наменета за организирање на работата на Секторот ИКТ и ДЦЦ во однос на приемот и решавање на пријави поврзани со проблеми на ИКТ системите;
- **Корисничко упатство за НКТС[3] – Појдовна испостава**, кое го уредува начинот на користење на НКТС од страна на царинскиот службеник во појдовната царинска испостава;
- **Корисничко упатство за НКТС – Транзитна испостава**, кое го уредува начинот на користење на НКТС од страна на царинскиот службеник во транзитната царинска испостава.

[3] Нов комјутеризиран транзитен систем

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ**

| | Назив на апликацијата | 2014 | | | | | 2015 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Q1 | | Q2 | | Вкупно 2014 | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | | Вкупно |
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,403 | 630,426 | 2,565 | 640,255 | 2,544,333 | 7,879 | 645,301 | 2,623 | 223,658 | 2,635 | 225,469 | 2,651 | 225,687 | 7,909 | 674,814 | 1,320,115 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 4,750 | 18,393 | 4,959 | 19,786 | 79,019 | 16,126 | 19,217 | 5,515 | 7,257 | 5,534 | 6,704 | 5,591 | 7,527 | 16,640 | 21,488 | 40,705 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 4,750 | 1,542 | 4,959 | 1,674 | 6,857 | 16,126 | 1,581 | 5,515 | 995 | 5,534 | 369 | 5,591 | 232 | 16,640 | 1,596 | 3,177 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни дозволи | 696 | 11,058 | 698 | 19,596 | 73,512 | 2,161 | 9,483 | 721 | 4,365 | 722 | 6,590 | 723 | 8,209 | 2,166 | 19,164 | 28,647 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,141 | 70,748 | 1,128 | 83,535 | 320,069 | 3,417 | 82,075 | 1,136 | 31,214 | 1,135 | 25,200 | 1,136 | 32,682 | 3,407 | 89,096 | 171,171 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 404 | 7,147 | 409 | 8,580 | 32,818 | 1,301 | 8,052 | 136 | 2,711 | 437 | 2,357 | 437 | 2,584 | 1,010 | 7,652 | 15,704 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и | 112 | 19,129 | 110 | 16,419 | 69,071 | 323 | 26,961 | 109 | 6,966 | 109 | 6,081 | 111 | 7,165 | 329 | 20,212 | 47,173 |
| 8 | Национална база за царинска вредност | 1,141 | 227 | 1,128 | 184 | 919 | 3,417 | 240 | 1,136 | 76 | 1,135 | 121 | 1,136 | 111 | 3,407 | 308 | 548 |
| 9 | Царински форум | 1,141 | 88 | 1,128 | 106 | 638 | 3,417 | 188 | 1,136 | 68 | 1,135 | 72 | 1,136 | 73 | 3,407 | 213 | 401 |
| 10 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 2 | 11 | 1 | 5 | 33 | 1 | 11 | 2 | 11 | 0 | 11 | 0 | 33 | 2 | 3 |
| 11 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 419,466 | 30 | 221,225 | 1,167,773 | 90 | 487,092 | 30 | 220,945 | 30 | 0 | 30 | 197,914 | 90 | 418,859 | 905,951 |
| 12 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 30 | 116 | 24 | 34 | 8 | 11 | 8 | 7 | 8 | 9 | 24 | 27 | 61 |
| 13 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 137 | 11 | 168 | 604 | 33 | 126 | 11 | 39 | 11 | 38 | 11 | 25 | 33 | 102 | 228 |
| 14 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 54 | 50 | 56 | 44 | 167 | 168 | 15 | 56 | 12 | 58 | 11 | 19 | 5 | 133 | 28 | 43 |
| 15 | Девизни контролници | 484 | 123 | 494 | 139 | 574 | 1,536 | 148 | 512 | 42 | 512 | 50 | 511 | 49 | 1,535 | 141 | 289 |
| 16 | CEMC- Систем за електронска размена на заштитени пораки | 201 | 297 | 207 | 237 | 940 | 610 | 152 | 203 | 16 | 204 | 56 | 202 | 45 | 609 | 117 | 269 |
| 17 | Систем за наплата | 682 | 54,860 | 681 | 64,343 | 251,921 | 2,034 | 53,476 | 683 | 21,574 | 698 | 22,514 | 701 | 23,403 | 2,082 | 67,491 | 120,967 |
| 18 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 459 | 13,894 | 474 | 9,049 | 42,770 | 1,495 | 7,438 | 492 | 1,911 | 0 | 0 | 0 | 0 | 492 | 1,911 | 9,349 |
| 19 | Следење на возила со GPS | 36 | 102 | 36 | 91 | 317 | 108 | 54 | 36 | 17 | 36 | 17 | 36 | 12 | 108 | 46 | 100 |
| 20 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 423 | 12 | 533 | 1,768 | 32 | 400 | 10 | 102 | 10 | 108 | 10 | 129 | 30 | 339 | 739 |
| 21 | Евиденција за прием на странки | 18 | 257 | 16 | 80 | 611 | 63 | 107 | 22 | 21 | 22 | 25 | 22 | 16 | 66 | 62 | 169 |
| 22 | Хелп деск | 5 | 768 | 5 | 540 | 2,473 | 18 | 610 | 6 | 209 | 6 | 221 | 6 | 228 | 18 | 658 | 1,268 |
| 23 | Евиденција на работно време | 1,141 | 158,921 | 1,128 | 178,364 | 675,278 | 3,417 | 173,455 | 1,136 | 58,143 | 1,135 | 49,989 | 1,136 | 59,550 | 3,407 | 167,682 | 341,137 |
| 24 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 971 | 268 | 968 | 48 | 433 | 2,878 | 153 | 944 | 32 | 945 | 24 | 953 | 20 | 2,842 | 76 | 229 |
| 25 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 329 | 12 | 205 | 1,113 | 36 | 367 | 12 | 112 | 12 | 125 | 12 | 188 | 36 | 425 | 792 |
| 26 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 174 | 75,282 | 189 | 62,928 | 364,131 | 534 | 122,523 | 178 | 44,375 | 153 | 53,123 | 155 | 49,376 | 486 | 146,874 | 269,397 |
| 27 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 809 | 21,315 | 826 | 24,094 | 89,566 | 2,617 | 22,553 | 897 | 7,751 | 905 | 7,273 | 908 | 7,497 | 2,710 | 22,521 | 45,074 |
| 28 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 971 | 161,164 | 968 | 158,456 | 635,098 | 2,879 | 133,830 | 944 | 47,237 | 949 | 48,654 | 953 | 49,510 | 2,846 | 145,401 | 279,231 |
| 29 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за одбележување | 67 | 402 | 79 | 48 | 695 | 467 | 151 | 177 | 31 | 186 | 3 | 197 | 16 | 560 | 50 | 201 |

Во текот на вториот квартал од 2015 година во Царинската управа беа во функција 46 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше околу 99,7%.

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

### Комитет за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија” согласно Doing Business од Светска Банка

Во вториот квартал од 2015 година, Царинска управа ги консолидираше спроведените активности и до Министерство за финансии достави збирен извештај за реализираните и планираните реформи и активности на Царинска управа за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2015“, со цел истиот да биде доставен до Светска Банка.

Во извештајот како спроведени реформи и активности во периодот 1 јуни 2014 до 1 јуни 2015 година кои имаат ефекти врз подобрувањето на деловната клима се нотирани:



- Проектот Интегрирана тарифна околина кој успешно заврши на крајот на октомври 2014 година;
- Донесувањето на нов Закон за вршење на застапување во царинските постапки кој стапи на сила на 13 декември 2014 година;
- Донесувањето на ново Упатство за приложени документи кон Единствениот царински документ кое стапи на сила на 13 октомври 2014 година и
- Потпишувањето на Протокол за уредување на постапки за побрз проток на жива стока, стока во свежа состојба, ADR (опасни материи) и празни камиони на граничните премини Табановце и Богородица кој стапи на сила на 10 октомври 2014 година.

Како планирани реформи и активности за наредниот период се наведени следните:

- Пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка кое ќе се случи на 1 јули 2015 година;
- Воведување на нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи кое се очекува кон крајот на 2015 година;
- Заеднички гранични контроли со соседните земји чиј рок на реализација зависи и од соседните земји;

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

- Надградба на објектите за царинење и контрола на граничен премин Табановце - Автопат чија целосна реализација се очекува во четвртиот квартал на 2017 година и
- Надградба на објектите за царинење и објектите за инспекциските органи на граничниот премин Ќафасан, кое треба да заврши во првата половина на 2018 година.

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

***Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.***




## *Е _ Царина*

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на вториот квартал 2015 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[4]

Во вториот квартал од 2015 година членовите на работните групи се во редовна комуникација со претставници на изведувачот кои ги опфатија модулите на системот од третата и четвртата испорака (од вкупно 5 испораки). Во овој период се реализираше тестирање на повторната испорака на фаза 3. Во извештајот се поставени забелешките и грешките кои се резултат од тестирањето, и истиот беше доставен до изведувачот. Во овој период во тек е интервенција во систем сала во ИТ секторот за подготовка на продукциската околина наменета за СОЦДАД. Се очекува овие активности околу подготовката на хардверската платформа да завршат во почетокот на јули 2015 година. Овој период продолжи комуникацијата со експертите на изведувачот која се однесува на оние функционалности на системот кои не беа

---

[4] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

испорачани или беа делумно завршени во рамки на испораката на фаза 3. Главните забелешки се однесуваа кон нецелосната имплементација на дигиталното потпишување и архивирање на пораки, референтните податоци и сл.

## *EXIM*




***EXIM - Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти кој е во функција од 2008 година, од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници. Апликацијата EXIM беше унапредена во 2014 година со цел обезбедување поефикасно функционирање и негова интеграција со нови системи, како и имплементација на новите прописи и барањата на корисниците.***

На крајот од вториот квартал од 2015 година, во EXIM беа **регистрирани 5.591 економски оператори** – корисници на системот, кои преку кои преку 11[5] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи** и тарифни квоти. Во текот на вториот квартал од 2015 година апликацијата се користеше редовно, при што се забележува дека бројот на обработени предмети е во пораст во споредба со вториот квартал од 2014 година, односно преку EXIM се **издадени 21.448 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на вториот квартал изнесуваше околу 2,3 часа, што е значително намалување со просечното време на издавање од 3,0 часа за истиот квартал во 2014 година.**

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2014 | | | 2015 | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | **16** | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | **16** |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 60 | 60 | **60** | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | **60** |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 4,750 | 4,959 | **5,275** | 5,430 | 5,491 | 5,534 | 5,591 | 5,591 | **5,591** |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 18,393 | 21,175 | **79,018** | 19,217 | 7,257 | 6,704 | 7,527 | 21,488 | **40,705** |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 1542 | 1,236 | **6,850** | 1,581 | 995 | 369 | 323 | 1,687 | **3,268** |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 3,5 часа | 3.0 часа | **2.5часа** | 2.56часа | 2.6часа | 1.9часа | 2.4часа | 2,3 часа | **2.4часа** |

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (8,2 илјади), ветеринарни документи (3,9 илјади), потврди за органолептички преглед (3 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (2,4 илјади) и лекови и медицински помагала (2,1 илјади).

[5] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ




| БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на дозволата | 2014 | | | 2015 | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Вкупно | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 39 | 47 | **179** | 40 | 22 | 10 | 20 | 52 | **92** |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 116 | 102 | **456** | 122 | 38 | 46 | 43 | 127 | **249** |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 120 | 126 | **414** | 106 | 35 | 30 | 27 | 92 | **198** |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 2,935 | 3,181 | **12,840** | 3,205 | 1,195 | 1,164 | 1,306 | 3,665 | **6,870** |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 6,587 | 7,661 | **29,930** | 6,891 | 2,726 | 2,601 | 2,855 | 8,182 | **15,073** |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 24 | 40 | **125** | 32 | 14 | 18 | 12 | 44 | **76** |
| Дозвола за извоз на прекурсори | 50 | 29 | **167** | 40 | 10 | 12 | 11 | 33 | **73** |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 137 | 153 | **590** | 127 | 43 | 40 | 64 | 147 | **274** |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 68 | 68 | **303** | 66 | 20 | 16 | 23 | 59 | **125** |
| Одобрение за увоз на лекови | 861 | 912 | **3,897** | 942 | 304 | 261 | 385 | 950 | **1,892** |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 1,151 | 1,195 | **4,654** | 1,159 | 392 | 314 | 501 | 1,207 | **2,366** |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 300 | 350 | **1,327** | 319 | 111 | 97 | 123 | 331 | **650** |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 34 | 41 | **152** | 40 | 9 | 7 | 15 | 31 | **71** |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 287 | 359 | **1,358** | 304 | 112 | 114 | 126 | 352 | **656** |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 2,041 | 2,403 | **9,377** | 2,161 | 805 | 735 | 883 | 2,423 | **4,584** |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 3,075 | 2,319 | **10,380** | 3,088 | 1,153 | 974 | 854 | 2,981 | **6,069** |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 92 | 124 | **468** | 85 | 29 | 37 | 30 | 96 | **181** |
| Други дозволи | 476 | 676 | **2,401** | 490 | 239 | 228 | 249 | 716 | **1,206** |
| **Вкупно:** | **18,393** | **19,786** | **79,018** | **19,217** | **7,257** | **6,704** | **7,527** | **21,488** | **40,705** |

## *Портал за електронска комуникација (ПЕК)*

Во вториот квартал од 2015 година во ПЕК **беа регистрирани 437 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК до Царинската управа доставија 18.860 барања. Најголем дел од поднесените барања се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки 3.287 барања, по што следат барања за непотполна декларации 3.147 и општи барања 4.920.

## *Обем на извршени работи*

### *Царински одобренија и лиценци*[6]

#### Застапување во царински постапки

На крајот вториот квартал 2015 година, вкупно **319 компании** имаа одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки, што е за 4 помалку од издадените одобренија во вториот квартал од 2014 година. На крајот на вториот квартал 2015 година бројот на физички лица - иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки, изнесуваше вкупно 1.228, што е за 23 помалку од издадените лиценци во вториот квартал од 2014 година.

| ЦАРИНСКИ ОДОБРЕНИЈА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на одобрение | 2014 | | | 2015 | | | | |
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 |
| **Одобрение за царинско застапување** | **334** | **336** | **345** | **319** | **319** | **319** | **319** | **319** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **1,149** | **1,183** | **1216** | **1,220** | **1,227** | **1,228** | **1,228** | **1,228** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **1,375** | **1,517** | **5,869** | **1,421** | **691** | **685** | **799** | **1,634** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 177 | 175 | 174 | 170 | 170 | 170 | 168 | 168 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 14 | 15 | 18 | 18 | 19 | 18 | 18 | 18 |
| Одобрение за царинско складирање | 77 | 76 | 78 | 79 | 81 | 81 | 82 | 82 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | **1,106** | **1,250** | **4,793** | **1,153** | **420** | **415** | **530** | **1,365** |
| **Поедноставени царински постапки** | **270** | **269** | **236** | **233** | **230** | **251** | **255** | **255** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 69 | 67 | 51 | 53 | 54 | 52 | 56 | 56 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 90 | 91 | 89 | 92 | 91 | 92 | 93 | 93 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 78 | 78 | 65 | 59 | 57 | 74 | 73 | 73 |
| Одобрение за овластен испраќач | 31 | 31 | 29 | 28 | 27 | 32 | 32 | 32 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 | 2 | **2** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **481** | **496** | **525** | **541** | **550** | **557** | **581** | **581** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **98** | **102** | **108** | **109** | **111** | **111** | **112** | **112** |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | **145** | **133** | **131** | **162** | **171** | **169** | **162** | **162** |
| **Вкупно** | **3,852** | **4,036** | **8,430** | **4,005** | **3,299** | **3,320** | **3,456** | **4,291** |

#### Царински постапки со економски ефект

Најзастапен вид царинска постапка со економски ефект е увозот за облагородување, по што следи царинско складирање и извозот за облагородување. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од обласста на чевларската индустрија и металургијата.

На крајот на вториот квартал 2015 година, **168** трговски друштва се иматели на одобренија за увоз за облагородување и **18** трговски друштва поседуваат одобренија за извоз за облагородување. Истовремено, **82** трговски друштва поседуваат одобренија за царинско складирање. Издадените одобренија за еднократна примена за вториот квартал 2015 година изнесуваат 1.365.

---

[6] Податоците во табелата „Состојба на царински акцизни одобренија“се однесуваат на важечки одобрени на крајот на периодот, освен „Одобренија за еднократна употреба“ кои претставуваат вкупно издадени одобренија во периодот (година, квартал или месец).

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

### Поедноставени царински постапки

На крајот на вториот квартал 2015 година, активни се **255** одобренија за поедноставени постапки од кои **56** одобренија за локално царинење при увоз, **93** одобренија за локално царинење при извоз, **73** одобренија за овластен примач во транзит, **32** одобрение за овластен испраќач и **едно** одобрение за поедноставено декларирање.

### Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)

Заклучно со јуни 2015 година, важечка е **581** Задолжителна тарифна информација (ЗТИ) која ја издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки

### Одобрение за одобрен извозник

Во периодот април-јуни 2015 година издадени се **3** одобренија за одобрен извозник. Бројот на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со крајот на 2014 година изнесува 108. Овој број континуирано се зголемува во текот на 2015 година, односно се зголемува и листата на одобрени извозници иматели на ова одобрение, па така вкупниот број на активни издадени одобренија за одобрен извозник заклучно јуни 2015 година изнесува 112 одобренија. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото при извоз, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијаното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

### Одобренија за одложено плаќање на царински долг

Вкупниот број на активни одобренија за одложено плаќање заклучно со **јуни 2015 година изнесува 162.**

## *Акцизни одобренија*

### Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи

На крајот на јуни 2015 година, вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесува **83**, додека вкупниот број на активни одобренија за акцизно повластено користење по економски оператори изнесува **331.**

| СОСТОЈБА НА АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на одобрение | 2014 | | | | | | 2015 | | | | |
| | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 |
| **Акцизи** | | | | | | | | | | | |
| Акцизни дозволи | 81 | 81 | 81 | 81 | 81 | 83 | 83 | 83 | 83 | 83 | 83 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 315 | 318 | 320 | 321 | 321 | 329 | 331 | 331 | 331 | 331 | 331 |
| **Вкупно** | **396** | **399** | **401** | **402** | **402** | **412** | **414** | **414** | **414** | **414** | **414** |

## *Преференцијално потекло на стоките*

***Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА.***

**ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (Во милијарди денари)**

| Договорна страна | Увоз и извоз во 2014 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | |
| | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| **ЕУ** | 56.5 | 81.9 | 21.8 | 79.6 | 25.1 | 82.8 | 25.5 | 89.7 | 72.4 | 79.6 |
| **ЕФТА** | 0.3 | 0.4 | 0.1 | 0.4 | 0.1 | 0.3 | 0.0 | 0.1 | 0.2 | 0.4 |
| **ЦЕФТА** | 9.3 | 13.5 | 4.3 | 15.6 | 3.9 | 13.0 | 1.9 | 6.8 | 10.1 | 15.6 |
| Албанија | 0.6 | 0.9 | 0.3 | 1.0 | 0.3 | 1.0 | 0.1 | 0.3 | 0.7 | 1.0 |
| Б и Х | 1.2 | 1.8 | 0.6 | 2.3 | 0.5 | 1.6 | 0.2 | 0.7 | 1.3 | 2.3 |
| Црна Гора | 0.2 | 0.3 | 0.1 | 0.4 | 0.1 | 0.4 | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.4 |
| Косово | 1.8 | 2.6 | 0.7 | 2.5 | 0.7 | 2.4 | 0.1 | 0.3 | 1.5 | 2.5 |
| Србија | 5.5 | 7.9 | 2.5 | 9.2 | 2.3 | 7.6 | 1.5 | 5.4 | 6.4 | 9.2 |
| Молдавија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 |
| **Турција** | 2.9 | 4.2 | 1.2 | 4.4 | 1.1 | 3.7 | 0.9 | 3.3 | 3.3 | 4.4 |
| **Украина** | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.1 |
| **Вкупно** | **69.0** | **100.0** | **27.4** | **100.0** | **30.3** | **100.0** | **28.5** | **100.0** | **86.2** | **100.0** |

| Договорна страна | Увоз и извоз во 2015 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | | Вкупно | |
| | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| **ЕУ** | 69.0 | 84.3 | 23.9 | 81.1 | 24.4 | 80.7 | 28.1 | 81.8 | 76.4 | 81.1 | 145.3 | 82.6 |
| **ЕФТА** | 0.3 | 0.4 | 0.1 | 0.4 | 0.2 | 0.6 | 0.1 | 0.3 | 0.4 | 0.4 | 0.8 | 0.4 |
| **ЦЕФТА** | 9.6 | 11.8 | 4.3 | 14.5 | 4.2 | 14.1 | 4.7 | 13.6 | 13.2 | 14.5 | 22.8 | 13.0 |
| Албанија | 0.7 | 0.9 | 0.3 | 1.2 | 0.4 | 1.3 | 0.4 | 1.1 | 1.1 | 1.2 | 1.8 | 1.0 |
| Б и Х | 1.5 | 1.8 | 0.7 | 2.3 | 0.6 | 2.1 | 0.7 | 2.0 | 2.0 | 2.3 | 3.5 | 2.0 |
| Црна Гора | 0.3 | 0.3 | 0.1 | 0.3 | 0.1 | 0.4 | 0.1 | 0.4 | 0.4 | 0.3 | 0.6 | 0.4 |
| Косово | 1.6 | 1.9 | 0.8 | 2.7 | 0.8 | 2.6 | 0.8 | 2.4 | 2.4 | 2.7 | 4.0 | 2.3 |
| Србија | 5.5 | 6.7 | 2.4 | 8.0 | 2.3 | 7.6 | 2.6 | 7.7 | 7.3 | 8.0 | 12.8 | 7.3 |
| Молдавија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.0 |
| **Турција** | 2.9 | 3.5 | 1.1 | 3.8 | 1.3 | 4.3 | 1.4 | 4.0 | 3.8 | 3.8 | 6.7 | 3.8 |
| **Украина** | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 0.3 | 0.1 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.3 | 0.2 |
| **Вкупно** | **81.8** | **100.0** | **29.5** | **100.0** | **30.2** | **100.0** | **34.3** | **100.0** | **94.0** | **100.0** | **175.9** | **100.0** |

Реализираниот надворешен трговски промет **во јуни 2015 година**, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува **34,3 милијарди денари** и е зголемен во однос на истиот период во 2014 година, кога изнесувал 28,5 милијарди денари. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 28,1 милијарди денари или 81,8%. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во **јуни 2015** година изнесува 4,7 милијарди денари или 13,6 % од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло. Најголем процент од остварениот промет со преференцијално потекло со земјите членки на ЦЕФТА отпаѓа на трговската размена со Србија.

Реализираниот надворешен трговски промет во **вториот квартал од 2015** година, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува 94,0 милијарди денари и е зголемен во однос на истиот период во 2014 година кога изнесувал 86,2 милијарди денари. Најголем дел од овој промет во **вториот квартал од 2015** година е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 76,4 милијарди денари или 81,1%. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во **вториот квартал од 2015** година изнесува 13,2 милијарди денари или 14,5 % од вкупно остварениот промет со преференцијално

потекло. Најголем процент од остварениот промет со преференцијално потекло со земјите членки на ЦЕФТА отпаѓа на трговската размена со Србија.

## Промет на товарни моторни возила (ТМВ) на граничните премини



Во текот на вториот квартал од 2015 година на граничните премини за патен сообраќај вкупно транзитирале над 234 илјади ТМВ, од кои околу 139 илјади полни, а околу 95 илјади празни ТМВ. Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција и тоа околу 92 илјади ТМВ или околу 39%. Најголем промет по поединечни премини е остварен на ГП Богородица со околу 32% од вкупниот промет. Во истиот период минатата година вкупно транзитирале околу 213 илјади ТМВ, од кои 130 илјади полни, а околу 83 илјади празни ТМВ.

**ВКУПЕН ПРОМЕТ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ (ВО ИЛЈАДИ)**

| Граничен премин | | | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Деве Баир | Делчево | Ново Село | Вкупно | Дојран | Богородица | Меџитлија | Вкупно | Стење | Ќафасан | Св.Наум | Блато | Вкупно | **Вкупно** |
| **2014** | Q1 | Полни | 10.38 | 0.00 | **10.38** | 48.34 | 0.00 | **48.34** | 6.34 | 3.68 | 5.36 | **15.37** | 6.41 | 33.54 | 1.56 | **41.51** | 0.05 | 7.70 | 0.02 | 0.10 | **7.86** | **123.47** |
| | | Празни | 11.37 | 0.79 | **12.16** | 10.94 | 0.00 | **10.94** | 4.17 | 3.37 | 4.77 | **12.31** | 3.96 | 19.95 | 2.63 | **26.53** | 0.24 | 5.87 | 0.09 | 0.33 | **6.53** | **68.47** |
| | | Вкупно | 21.76 | 0.79 | **22.55** | 59.28 | 0.00 | **59.28** | 10.51 | 7.05 | 10.13 | **27.69** | 10.36 | 53.49 | 4.19 | **68.04** | 0.29 | 13.56 | 0.11 | 0.43 | **14.38** | **191.94** |
| | Q2 | Полни | 10.86 | 0.00 | **10.86** | 48.57 | 0.00 | **48.57** | 7.06 | 4.07 | 5.85 | **16.33** | 6.20 | 37.15 | 1.67 | **45.03** | 0.09 | 8.97 | 0.08 | 0.11 | **9.24** | **130.04** |
| | | Празни | 14.70 | 1.06 | **15.76** | 12.22 | 0.03 | **12.24** | 5.03 | 3.57 | 6.12 | **14.73** | 4.57 | 23.34 | 2.64 | **30.56** | 0.30 | 8.60 | 0.12 | 0.42 | **9.45** | **82.76** |
| | | Вкупно | 25.55 | 1.06 | **26.62** | 60.79 | 0.03 | **60.80** | 12.09 | 7.64 | 11.97 | **31.06** | 10.77 | 60.49 | 4.31 | **75.59** | 0.39 | 17.57 | 0.19 | 0.53 | **18.69** | **212.80** |
| | Вкупно 2014 | Полни | 41.9 | 0.0 | **41.9** | 186.6 | 0.0 | **186.7** | 24.2 | 16.5 | 21.8 | **61.9** | 23.8 | 156.8 | 6.1 | **186.6** | 0.4 | 37.1 | 0.3 | 0.5 | **38.2** | **515.2** |
| | | Празни | 59.7 | 3.7 | **63.4** | 48.2 | 0.0 | **48.3** | 19.7 | 14.8 | 22.7 | **57.2** | 19.0 | 95.9 | 10.5 | **125.5** | 1.5 | 31.5 | 0.5 | 1.7 | **35.2** | **329.7** |
| | | Вкупно | 101.7 | 3.7 | **105.3** | 234.8 | 0.0 | **235.0** | 43.8 | 31.2 | 44.5 | **119.0** | 42.8 | 252.7 | 16.7 | **312.2** | 1.9 | 68.6 | 0.8 | 2.2 | **73.4** | **845.0** |
| **2015** | Q1 | Полни | 6.05 | 0.00 | **6.05** | 41.38 | 0.02 | **41.39** | 4.13 | 3.31 | 4.91 | **12.34** | 4.47 | 43.32 | 1.05 | **48.84** | 0.06 | 8.10 | 0.00 | 0.14 | **8.30** | **116.93** |
| | | Празни | 12.05 | 0.58 | **12.63** | 10.94 | 0.01 | **10.95** | 4.31 | 3.85 | 4.85 | **13.01** | 4.32 | 28.54 | 2.08 | **34.94** | 0.29 | 5.62 | 0.06 | 0.47 | **6.44** | **77.97** |
| | | Вкупно | 18.11 | 0.58 | **18.68** | 52.32 | 0.03 | **52.35** | 8.44 | 7.16 | 9.76 | **25.36** | 8.78 | 71.86 | 3.13 | **83.78** | 0.35 | 13.72 | 0.06 | 0.61 | **14.74** | **194.90** |
| | Април | Полни | 3.04 | 0.00 | **3.04** | 11.67 | 0.00 | **11.67** | 1.84 | 1.34 | 1.85 | **5.03** | 2.23 | 14.88 | 0.38 | **17.49** | 0.04 | 3.89 | 0.00 | 0.06 | **3.99** | **41.21** |
| | | Празни | 5.69 | 0.34 | **6.03** | 4.73 | 0.00 | **4.74** | 1.64 | 1.38 | 1.82 | **4.83** | 1.61 | 9.37 | 0.80 | **11.78** | 0.01 | 2.46 | 0.00 | 0.01 | **2.48** | **29.86** |
| | | Вкупно | 8.73 | 0.34 | **9.07** | 16.40 | 0.00 | **16.41** | 3.47 | 2.72 | 3.67 | **9.86** | 3.84 | 24.25 | 1.18 | **29.27** | 0.04 | 6.35 | 0.00 | 0.07 | **6.46** | **71.07** |
| | Мај | Полни | 3.26 | 0.00 | **3.26** | 15.09 | 0.00 | **15.09** | 1.95 | 1.41 | 1.99 | **5.36** | 2.28 | 15.78 | 0.39 | **18.45** | 0.03 | 4.65 | 0.00 | 0.15 | **4.83** | **46.99** |
| | | Празни | 7.24 | 0.38 | **7.63** | 4.84 | 0.01 | **4.85** | 1.61 | 1.23 | 1.90 | **4.74** | 1.70 | 9.49 | 0.87 | **12.06** | 0.11 | 3.26 | 0.07 | 0.26 | **3.69** | **32.96** |
| | | Вкупно | 10.50 | 0.38 | **10.89** | 19.93 | 0.01 | **19.94** | 3.56 | 2.64 | 3.90 | **10.10** | 3.98 | 25.27 | 1.26 | **30.51** | 0.14 | 7.91 | 0.07 | 0.40 | **8.52** | **79.95** |
| | Јуни | Полни | 3.42 | 0.00 | **3.42** | 17.20 | 0.00 | **17.20** | 2.14 | 1.48 | 1.76 | **5.37** | 2.82 | 17.02 | 0.60 | **20.43** | 0.05 | 4.55 | 0.00 | 0.07 | **4.67** | **51.09** |
| | | Празни | 5.87 | 0.40 | **6.28** | 5.47 | 0.01 | **5.48** | 1.71 | 1.45 | 1.89 | **5.04** | 1.92 | 9.02 | 1.06 | **12.00** | 0.15 | 3.29 | 0.07 | 0.20 | **3.71** | **32.50** |
| | | Вкупно | 9.29 | 0.40 | **9.70** | 22.67 | 0.01 | **22.68** | 3.84 | 2.92 | 3.65 | **10.41** | 4.74 | 26.03 | 1.66 | **32.43** | 0.19 | 7.84 | 0.07 | 0.27 | **8.38** | **83.59** |
| | Q2 | Полни | 9.72 | 0.00 | **9.72** | 43.96 | 0.00 | **43.96** | 5.92 | 4.23 | 5.60 | **15.76** | 7.33 | 47.67 | 1.37 | **56.37** | 0.11 | 13.09 | 0.00 | 0.27 | **13.48** | **139.29** |
| | | Празни | 18.81 | 1.12 | **19.93** | 15.04 | 0.02 | **15.06** | 4.95 | 4.05 | 5.61 | **14.62** | 5.23 | 27.88 | 2.73 | **35.84** | 0.26 | 9.01 | 0.14 | 0.47 | **9.87** | **95.32** |
| | | Вкупно | 28.53 | 1.12 | **29.65** | 59.01 | 0.02 | **59.03** | 10.87 | 8.28 | 11.22 | **30.37** | 12.56 | 75.56 | 4.09 | **92.21** | 0.37 | 22.11 | 0.14 | 0.74 | **23.35** | **234.61** |
| | Вкупно | Полни | 15.8 | 0.0 | **15.8** | 85.3 | 0.0 | **85.4** | 10.1 | 7.5 | 10.5 | **28.1** | 11.8 | 91.0 | 2.4 | **105.2** | 0.2 | 21.2 | 0.0 | 0.4 | **21.8** | **256.2** |
| | | Празни | 30.9 | 1.7 | **32.6** | 26.0 | 0.0 | **26.0** | 9.3 | 7.9 | 10.5 | **27.6** | 9.5 | 56.4 | 4.8 | **70.8** | 0.5 | 14.6 | 0.2 | 0.9 | **16.3** | **173.3** |
| | | Вкупно | 46.6 | 1.7 | **48.3** | 111.3 | 0.0 | **111.4** | 19.3 | 15.4 | 21.0 | **55.7** | 21.3 | 147.4 | 7.2 | **176.0** | 0.7 | 35.8 | 0.2 | 1.3 | **38.1** | **429.5** |

## *Обработени царински декларации*

**Во вториот квартал 2015** година **обработени се 259,5 илјади царински декларации** од кои најголемиот дел се однесуваат на увоз (43,8%) и транзит (34,6%), по кои следи извозот со 18,9% од вкупно обработените декларации. Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува 30,3%. Притоа, поедноставените постапки во извозот учествуваат со 42,8%, а во увозот со 24,8%.

**БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ (Во илјади)**

| Вид на царинска постапка | 2014 | | | 2015 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| **Транзитна** | **85.4** | **91.6** | **362.9** | **79.5** | **27.1** | **31.1** | **31.7** | **89.9** | **169.4** |
| **Извоз** | **39.0** | **47.9** | **183.9** | **36.7** | **15.5** | **15.8** | **18.1** | **49.3** | **86.0** |
| Редовен извоз | 22.4 | 28.6 | 108.1 | 21.0 | 8.9 | 8.9 | 9.8 | 27.6 | 48.6 |
| Поедноставена постапка при извоз | 16.0 | 18.7 | 73.2 | 15.0 | 6.4 | 6.7 | 8.0 | 21.1 | 36.1 |
| Привремен извоз | 0.6 | 0.7 | 2.7 | 0.6 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.7 | 1.3 |
| **Увоз** | **88.6** | **107.9** | **418.4** | **92.1** | **37.2** | **34.9** | **41.5** | **113.6** | **205.7** |
| Редовен увоз | 62.7 | 74.0 | 289.3 | 60.3 | 25.2 | 23.9 | 27.9 | 77.0 | 137.3 |
| Поедноставена постапка при увоз | 18.5 | 25.1 | 96.1 | 24.4 | 9.4 | 8.4 | 10.4 | 28.2 | 52.6 |
| Царинско складирање | 1.4 | 1.8 | 6.5 | 1.8 | 0.6 | 0.5 | 0.7 | 1.9 | 3.7 |
| Привремен увоз | 5.4 | 6.4 | 23.3 | 4.9 | 1.8 | 1.8 | 2.2 | 5.8 | 10.7 |
| Увоз на привремено извезена стока | 0.6 | 0.7 | 3.2 | 0.7 | 0.2 | 0.2 | 0.3 | 0.7 | 1.4 |
| **Реекспорт** | **6.4** | **6.8** | **26.6** | **6.2** | **2.1** | **2.2** | **2.5** | **6.8** | **13.0** |
| **Вкупно** | **219.4** | **254.3** | **991.8** | **214.6** | **81.8** | **83.9** | **93.7** | **259.5** | **474.1** |

* не се вклучени документи од царинска постапка за уништување на стока (IMA9, IMZ9) и непотполни декларации (IMB4, IMB5, IMB7)

**Во вториот квартал 2015 година** вообичаено **доминираше патниот сообраќај со околу 92,9 % од вкупно обработените царински декларации.** Железничкиот сообраќај учествуваше со околу 4,2%, а авио-сообраќајот со околу 2,8%.

**ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ СПОРЕД ВИД НА ТРАНСПОРТ (во илјади)**

| Вид на транспорт | | | Патен | Железнички | Авионски | Поштенски | Друг | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | Q1 | Увоз | 94.1 | 1.0 | 4.3 | 0.6 | 0.2 | **100.1** |
| | | Извоз | 44.7 | 0.3 | 2.0 | 0.0 | 0.0 | **47.2** |
| | | Транзит | 76.1 | 14.9 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **91.0** |
| | | Вкупно | 214.8 | 16.1 | 6.4 | 0.6 | 0.2 | **238.3** |
| | Q2 | Увоз | 103.8 | 0.8 | 4.3 | 0.5 | 0.1 | **109.5** |
| | | Извоз | 51.9 | 0.3 | 2.5 | 0.0 | 0.0 | **54.7** |
| | | Транзит | 77.6 | 14.2 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **91.7** |
| | | Вкупно | 233.3 | 15.3 | 6.8 | 0.5 | 0.1 | **255.9** |
| | Вкупно | Увоз | 370.6 | 3.5 | 18.4 | 1.8 | 0.5 | **394.8** |
| | | Извоз | 187.3 | 1.2 | 9.5 | 0.2 | 0.0 | **198.2** |
| | | Транзит | 301.0 | 58.3 | 0.2 | 0.0 | 0.0 | **359.5** |
| | | Вкупно | 858.9 | 62.9 | 28.1 | 2.0 | 0.5 | **952.5** |
| 2015 | Q1 | Увоз | 89.9 | 0.7 | 3.8 | 0.4 | 0.2 | **94.8** |
| | | Извоз | 39.5 | 0.2 | 3.1 | 0.0 | 0.0 | **43.0** |
| | | Транзит | 66.3 | 13.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **79.5** |
| | | Вкупно | 195.7 | 14.2 | 6.9 | 0.4 | 0.2 | **217.3** |
| | Април | Увоз | 36.3 | 0.3 | 1.3 | 0.1 | 0.1 | **38.0** |
| | | Извоз | 16.4 | 0.0 | 1.1 | 0.0 | 0.0 | **17.6** |
| | | Транзит | 24.8 | 2.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **27.1** |
| | | Вкупно | 77.5 | 2.6 | 2.4 | 0.1 | 0.1 | **82.7** |
| | Мај | Увоз | 34.0 | 0.2 | 1.1 | 0.1 | 0.0 | **35.5** |
| | | Извоз | 16.9 | 0.1 | 1.0 | 0.0 | 0.0 | **18.0** |
| | | Транзит | 27.0 | 4.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **31.1** |
| | | Вкупно | 77.9 | 4.4 | 2.1 | 0.1 | 0.0 | **84.6** |
| | Јуни | Увоз | 40.2 | 0.2 | 1.5 | 0.1 | 0.1 | **42.0** |
| | | Извоз | 19.2 | 0.1 | 1.2 | 0.0 | 0.0 | **20.5** |
| | | Транзит | 28.1 | 3.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **31.7** |
| | | Вкупно | 87.5 | 3.9 | 2.7 | 0.1 | 0.1 | **94.3** |
| | Q2 | Увоз | 110.5 | 0.7 | 3.9 | 0.3 | 0.2 | **115.6** |
| | | Извоз | 52.5 | 0.2 | 3.3 | 0.0 | 0.0 | **56.1** |
| | | Транзит | 79.9 | 10.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **89.9** |
| | | Вкупно | 242.9 | 10.9 | 7.2 | 0.3 | 0.2 | **261.6** |
| | Вкупно | Увоз | 200.4 | 1.4 | 7.7 | 0.7 | 0.4 | **210.4** |
| | | Извоз | 92.0 | 0.4 | 6.4 | 0.0 | 0.0 | **99.1** |
| | | Транзит | 146.2 | 23.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | **169.4** |
| | | Вкупно | 438.6 | 25.1 | 14.1 | 0.7 | 0.4 | **478.9** |

**Во вториот квартал 2015 година** најголем дел од вкупниот број на декларации се обработени во царинарница Скопје и тоа 32,5%. Во царинарница Гевгелија обработени се 28,9% од вкупниот број на декларации, а во царинарница Куманово обработени се 23,5% од вкупниот број на декларации. Останатите 15,1% се обработени во царинарница Битола 7,7% и царинарница Штип 7,4 %.

| ВКУПНО ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ ПО ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ (ВО ИЛЈАДИ) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Царинска испостава | | 2014 | | | | | | 2015 | | | | | | | | | | | |
| | | Q1 | | Q2 | | Вкупно | | Q1 | | Април | | Мај | | Јуни | | Q2 | | Вкупно | |
| | | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Царинарница Скопје** | | **72.2** | **32.7** | **84.8** | **33.1** | **324.8** | **32.5** | **69.2** | **31.9** | **27.7** | **33.5** | **25.8** | **30.5** | **31.5** | **33.4** | **85.0** | **32.5** | **154.2** | **32.2** |
| 1 | ЦИ Скопје 1 | 22.1 | 10.0 | 26.1 | 10.2 | 100.7 | 10.1 | 21.4 | 9.887 | 9 | 10.9 | 8.3 | 9.8 | 10.4 | 11.0 | 27.7 | 10.6 | 49.1 | 10.3 |
| 2 | ЦИ Скопје 2 | 16.6 | 7.5 | 19.3 | 7.6 | 75.4 | 7.5 | 17.0 | 7.86 | 6.4 | 7.7 | 6.3 | 7.4 | 7.5 | 7.9 | 20.2 | 7.7 | 37.2 | 7.8 |
| 3 | ЦИ Скопје 3 | 9.0 | 4.1 | 11.8 | 4.6 | 43.5 | 4.4 | 8.5 | 3.943 | 3.4 | 4.1 | 2.8 | 3.3 | 3.3 | 3.5 | 9.5 | 3.6 | 18.0 | 3.8 |
| 4 | ЦИ Скопје 4 | 3.0 | 1.4 | 3.9 | 1.5 | 13.2 | 1.3 | 2.9 | 1.339 | 1.3 | 1.6 | 1.2 | 1.4 | 1.6 | 1.7 | 4.1 | 1.6 | 7.0 | 1.5 |
| 5 | ЦИ Слободна зона | 4.4 | 2.0 | 5.0 | 1.9 | 18.0 | 1.8 | 4.0 | 1.836 | 1.4 | 1.7 | 1.2 | 1.4 | 1.5 | 1.6 | 4.1 | 1.6 | 8.1 | 1.7 |
| 6 | ЦИ Пошта Скопје | 0.8 | 0.4 | 0.8 | 0.3 | 3.1 | 0.3 | 0.7 | 0.339 | 0.3 | 0.4 | 0.2 | 0.2 | 0.3 | 0.3 | 0.8 | 0.3 | 1.5 | 0.3 |
| 7 | ЦИ Аеродром Скопје | 7.9 | 3.6 | 7.5 | 2.9 | 29.5 | 3.0 | 6.9 | 3.184 | 2.4 | 2.9 | 2.1 | 2.5 | 2.6 | 2.8 | 7.1 | 2.7 | 14.0 | 2.9 |
| 8 | ЦИ Блаце | 5.4 | 2.4 | 6.3 | 2.5 | 27.0 | 2.7 | 4.8 | 2.22 | 2.4 | 2.9 | 2.6 | 3.1 | 2.8 | 3.0 | 7.8 | 3.0 | 12.6 | 2.6 |
| 9 | ЦИ Тетово | 3.0 | 1.4 | 3.9 | 1.5 | 14.4 | 1.4 | 2.7 | 1.267 | 1.1 | 1.3 | 1.1 | 1.3 | 1.5 | 1.6 | 3.7 | 1.4 | 6.4 | 1.3 |
| **Царинарница Куманово** | | **53.9** | **24.4** | **60.6** | **23.7** | **237.6** | **23.8** | **51.4** | **23.7** | **19.4** | **23.5** | **20.7** | **24.5** | **21.4** | **22.7** | **61.5** | **23.5** | **112.9** | **23.6** |
| 10 | ЦИ Куманово | 8.4 | 3.8 | 9.3 | 3.6 | 36.7 | 3.7 | 7.2 | 3.3 | 2.8 | 3.4 | 2.9 | 3.4 | 3.1 | 3.3 | 8.8 | 3.4 | 16.0 | 3.4 |
| 11 | ЦИ Табановце Автопат | 30.9 | 14.0 | 34.7 | 13.6 | 137.1 | 13.7 | 30.8 | 14.2 | 12.1 | 14.6 | 12.5 | 14.8 | 13.2 | 14.0 | 37.8 | 14.4 | 68.6 | 14.3 |
| 12 | ЦИ ЖС Табановце | 7.9 | 3.6 | 8.4 | 3.3 | 32.2 | 3.2 | 7.7 | 3.5 | 1.7 | 2.1 | 2.6 | 3.1 | 2.3 | 2.4 | 6.6 | 2.5 | 14.3 | 3.0 |
| 13 | ЦИ Деве Баир | 6.7 | 3.0 | 8.3 | 3.2 | 31.6 | 3.2 | 5.6 | 2.6 | 2.7 | 3.3 | 2.7 | 3.2 | 2.9 | 3.1 | 8.3 | 3.2 | 13.9 | 2.9 |
| **Царинарница Штип** | | **15.5** | **7.0** | **17.3** | **6.8** | **71.6** | **7.2** | **17.0** | **7.82** | **6.3** | **7.6** | **6.0** | **7.1** | **7.0** | **7.4** | **19.3** | **7.4** | **36.3** | **7.6** |
| 14 | ЦИ Штип | 10.3 | 4.7 | 11.5 | 4.5 | 47.7 | 4.8 | 11.5 | 5.3 | 4.2 | 5.1 | 4.1 | 4.8 | 4.7 | 5.0 | 13.0 | 5.0 | 24.5 | 5.1 |
| 15 | ЦИ Делчево | 3.9 | 1.8 | 4.3 | 1.7 | 18.5 | 1.9 | 4.2 | 1.9 | 1.7 | 2.1 | 1.6 | 1.9 | 1.7 | 1.8 | 5.0 | 1.9 | 9.2 | 1.9 |
| 16 | ЦИ Велес | 1.2 | 0.6 | 1.4 | 0.6 | 5.4 | 0.5 | 1.1 | 0.5 | 0.4 | 0.5 | 0.4 | 0.5 | 0.6 | 0.6 | 1.4 | 0.5 | 2.5 | 0.5 |
| **Царинарница Гевгелија** | | **62.9** | **28.5** | **72.1** | **28.2** | **286.6** | **28.7** | **65.0** | **30** | **23** | **27.8** | **25.5** | **30.1** | **27.2** | **28.8** | **75.7** | **28.9** | **140.7** | **29.4** |
| 17 | ЦИ Богородица | 20.3 | 9.2 | 20.0 | 7.8 | 79.1 | 7.9 | 19.0 | 8.8 | 6.3 | 7.6 | 8.3 | 9.8 | 8.3 | 8.8 | 22.9 | 8.8 | 41.9 | 8.8 |
| 18 | ЦИ Гевгелија | 14.0 | 6.4 | 13.6 | 5.3 | 58.8 | 5.9 | 12.8 | 5.9 | 3.2 | 3.9 | 4.1 | 4.8 | 3.9 | 4.1 | 11.2 | 4.3 | 24.0 | 5.0 |
| 19 | ЦИ Кавадарци | 16.3 | 7.4 | 20.4 | 8.0 | 86.8 | 8.7 | 21.7 | 10.0 | 8 | 9.7 | 7.3 | 8.6 | 9.1 | 9.6 | 24.4 | 9.3 | 46.1 | 9.6 |
| 20 | ЦИ Струмица | 2.3 | 1.0 | 6.7 | 2.6 | 16.5 | 1.7 | 1.7 | 0.8 | 1.7 | 2.1 | 1.9 | 2.2 | 1.5 | 1.6 | 5.1 | 1.9 | 6.8 | 1.4 |
| 21 | ЦИ Ново Село | 3.7 | 1.7 | 4.2 | 1.7 | 17.4 | 1.7 | 3.2 | 1.5 | 1.2 | 1.5 | 1.3 | 1.5 | 1.3 | 1.4 | 3.8 | 1.5 | 7.0 | 1.5 |
| 22 | ЦИ Дојран | 6.3 | 2.9 | 7.2 | 2.8 | 28.2 | 2.8 | 6.5 | 3.0 | 2.5 | 3.0 | 2.7 | 3.2 | 3.0 | 3.2 | 8.2 | 3.1 | 14.7 | 3.1 |
| **Царинарница Битола** | | **16.0** | **7.3** | **21.2** | **8.3** | **78.2** | **7.8** | **14.2** | **6.54** | **6.3** | **7.6** | **6.5** | **7.7** | **7.3** | **7.7** | **20.1** | **7.7** | **34.3** | **7.2** |
| 23 | ЦИ Битола | 3.0 | 1.3 | 3.4 | 1.3 | 13.1 | 1.3 | 3.3 | 1.5 | 1.2 | 1.5 | 1.2 | 1.4 | 1.4 | 1.5 | 3.8 | 1.5 | 7.1 | 1.5 |
| 24 | ЦИ Меџитлија | 3.2 | 1.5 | 2.9 | 1.1 | 12.1 | 1.2 | 2.8 | 1.3 | 0.8 | 1.0 | 0.8 | 0.9 | 1.1 | 1.2 | 2.7 | 1.0 | 5.5 | 1.2 |
| 25 | ЦИ Прилеп | 2.6 | 1.2 | 3.0 | 1.2 | 11.8 | 1.2 | 2.4 | 1.1 | 1 | 1.2 | 0.9 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 2.9 | 1.1 | 5.3 | 1.1 |
| 26 | ЦИ Охрид | 0.4 | 0.2 | 0.6 | 0.2 | 2.4 | 0.2 | 0.4 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.6 | 0.2 | 1.0 | 0.2 |
| 27 | ЦИ Охрид Аеродром | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.0 |
| 28 | ЦИ Струга | 1.9 | 0.8 | 2.8 | 1.1 | 10.0 | 1.0 | 2.1 | 0.9 | 1 | 1.2 | 0.9 | 1.1 | 1.1 | 1.2 | 3.0 | 1.1 | 5.1 | 1.1 |
| 29 | ЦИ Ќафасан | 4.7 | 2.1 | 8.2 | 3.2 | 28.1 | 2.8 | 3.2 | 1.5 | 2.1 | 2.5 | 2.4 | 2.8 | 2.4 | 2.5 | 6.9 | 2.6 | 10.1 | 2.1 |
| **Вкупно** | | **220.7** | **100.0** | **255.9** | **100.0** | **998.8** | **100.0** | **216.7** | **100.0** | **82.6** | **100.0** | **84.6** | **100.0** | **94.4** | **100.0** | **261.6** | **100.0** | **478.3** | **100.0** |

## *Наплатени приходи*

Во вториот квартал од 2015 година, износот на вкупно наплатените нето буџетски приходи при увоз/извоз и внатрешен промет изнесува 16.724 милиони денари. Овој износ е повисок за 6% во однос на истиот период 2014 година кога беа наплатени 15.766 милиони денари и тоа поодделно:

| НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Период | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно |
| **Q1** | 1,041 | 8,739 | 3,975 | 136 | 13,891 |
| **Април** | 384 | 3,248 | 1,518 | 55 | 5,205 |
| **Мај** | 364 | 3,273 | 1,641 | 50 | 5,328 |
| **Јуни** | 344 | 3,056 | 1,787 | 46 | 5,233 |
| **Q2** | 1,091 | 9,577 | 4,946 | 152 | 15,766 |
| **Вкупно 2014** | **4,222** | **38,513** | **19,695** | **635** | **63,064** |
| **Q1** | 966 | 8,335 | 5,294 | 142 | 14,736 |
| **Април** | 376 | 3,326 | 1,620 | 55 | 5,377 |
| **Мај** | 322 | 3,184 | 1,971 | 51 | 5,528 |
| **Јуни** | 358 | 3,660 | 1,750 | 53 | 5,820 |
| **Q2** | 1,056 | 10,170 | 5,340 | 159 | 16,724 |
| **Вкупно** | **2,021** | **18,504** | **10,634** | **301** | **31,461** |

- **по основ на царина и други царински давачки** наплатени се вкупно 1.056 милиони денари што е помалку за 3% од наплатените приходи по основ на царина и други царински давачки истиот период 2014 година, кога се наплатени вкупно 1.091 милиони денари;
- **приходи од ДДВ при увоз** изнесуваат 10.170 милиони денари што е за 6% повеќе во однос на наплатените приходи по основ на ДДВ во истиот период во 2014 година кога се наплатени вкупно 9.577 милиони денари;
- **наплатени приходи од акциза** изнесуваат 5.340 милиони денари, што е за 8% повеќе од оствареното во истиот период во 2014 година кога се наплатени 4.946 милиони денари и
- **наплатени приходи од надоместоци** изнесуваат 159 милиони денари што е 5% повеќе во однос на наплатените 152 милиони денари приход од надоместоци во истиот период во 2014 година.



***Царинската управа спроведува контрола на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство.***

## *Основи*

Во период април - јуни 2015 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, за царинско разузнавање, за контрола на трговски друштва, истрагите и работата на специјалните единици.

Во текот на вториот квартал 2015 година во Царинската управа се донесоа следните упатства:

- **Упатство за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата.** Со ова упатство се утврдува начинот на поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата на царинските испостави.
- **Упатство за работата на одделението за управување со ризици за примена на процесот на управување со ризици,** со кое се уредува начинот на работа на одделението за управување со ризици, како организационен дел од Секторот за контрола и истраги, како и процесот за управување на ризици во Царинската управа.
- **Упатство за административна и персонална безбедност на класифицирани информации на Царинската Управа.** Со ова Упатство се определуваат, видот на информациите, документите, извештаите, податоците и други акти на Царинската управа на Република Македонија кои се обележани со степен на класификација како и мерките и активностите кои се преземаат заради административна, физичка и персонална безбедност.
- **Стратегија за спречување на нелегална трговија со оружје 2016-2020 година.** Оваа Стратегија претставува основ за дејствување на Царинската управа на Република Македонија во откривање и сузбивање на неовластеното производство, држење и промет со оружје, муниција и распрскувачки материи и заштита на животот, здравјето и безбедноста на луѓето. Стратегијата за периодот 2016 – 2020

година претставува продолжение на напорите на Царинската управа за намалување на ризикот од оружје во сите аспекти на безбедноста на граѓаните.

- **Упатство за работа со модулот за надзор на пазарот**, со кое се уредува начинот на водење на електронската евиденција за известувањата за спречување на пуштање на стоки во слободен промет, поради поефикасен увид и контрола во Царинската управа на Република Македонија.
- **Процедура за реализација на разузнавачки циклус.** Разузнавачки циклус претставува збир на активности кои треба да се превземат за дефинирање на потреба од разузнавање, планирање, прибирање на информации, обработка на информации, доставување и следење на резултати.
- **Упатство за работа на одделението за разузнавање.** Со оваа Упатство се уредува начинот на работата на Сектор за контрола и истраги, Одделението за разузнавање.
- **Упатство за ракување и употреба на огнено оружје и муниција во Царинската управа.** Со ова упатство се пропишува начинот на чување, задолжување, носење и употреба, привремено одземање и раздолжување на огнено оружје и муниција задолжено од Царинската управа на Република Македонија.
- **Упатство за примена на законот на надзор на пазарот.** Со ова Упатство се уредуваат предметот, надлежностите и постапките во Царинската управа на Република при вршењето царинска контрола согласно Законот за надзор на пазарот[7] од аспект на квалитетот и безбедноста на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија.

**Комитетот за контрола и безбедност** на Царинската управа во период април - јуни 2015 година, одржа седници на кои беа разгледани статусот на реализација на задолженијата и препораките дадени од страна на комитетот, беше усвоен тромесечниот извештај. Во овој период на одржаните седници Комитетот ги даде следните препораки:

- меѓусебната соработка помеѓу вработените во ЦУРМ и МВР да се спроведува исклучиво со запазување на процедурите пропишани во „Протоколот за спроведување на меморандумот за разбирање помеѓу Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија”;
- управниците на царинарниците редовно да остваруваат работни состаноци со регионалните началници на гранична полиција;
- сите раководители на организационите единици при Царинарница Гевгелија и Битола редовно да одржуваат состаноци со раководителите на другите гранични органи и да допринесат за унапредување и зајакнување на меѓуинституционалната соработка и
- Комитетот го поздравува спроведувањето на контроли во внатрешниот промет со акцизни добра од страна на царинските службеници на Царинарница Битола и Гевгелија и препорачува да се продолжи и во иднина со овој вид на контроли со цел откривање и спречување на нелегален внатрешен промет со акцизни добра.

---

[7] Законот за надзор на пазарот со сите измени и дополнувања како екстерен акт е шифриран и објавен во Депозитарот на документацијата на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документацијата.

Во овој период Комитетот ги даде и следните задолженија:

- управникот на Царинарница Куманово да достави писмена информација за моменталната безбедносна состојба во регионот на Царинарница Куманово со цел согледување на потенцијалните ризици кои би можеле да ја загрозат личната безбедност на царинските службеници од Царинарница Куманово.
- Одделението за оперативни работи и Одделението за истраги да изготват барање за набавка на заштитни елеци со детална спецификација до САТР[8], со цел да се отпочне постапка за набавка на нови елеци за заштита од огнено оружје (панцири) со адекватно ниво на заштита.
- ги задолжи управниците на Царинарниците согласно Меморандумот за соработка помеѓу Царинската Управа и Бирото за јавна безбедност да остварува редовни средби со регионалниот раководител на граничната полиција со цел надминување на проблемите со спроведување на двојни контроли од страна полициските и царинските службеници на граничните премини.

# *Унапредување на административниот капацитет*

## *Управување со ризици*

***Управувањето со ризици претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа.***

Во областа на управувањето со ризиците, продолжено е со активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор во согласност со спецификите, на пошти, брзи пратки и карго, стоково царинење поединечно за секоја царинска испостава (патен, железнички, авио итн.), патниците и личниот багаж за секој граничен премин поединечно (патен, авио и железнички сообраќај), поедноставени царински постапки, како и во царински складишта.

**Комитетот за управување со ризик.** Примена на селективните контроли базирана врз анализа на ризик е еден од столбовите на препораките на Европската Комисија и на Светската Царинска Организација. Правилното определување на ризичните точки во царинската испостава и интензитетот на вршење на контрола овозможува забрзување на царинската постапка за економските оператори кои ги почитуваат сите прописи од една страна, и зголемување на ефикасноста при вршење на контроли, од друга страна, со што се подобрува конкутрентноста на македонските компании.

Во насока на реализација на заклучокот на Владата на Република Македонија, а со цел реализацијата на Проектот „Унапредување на системот за селективни контроли базирани врз анализа на ризик Царинската управа ги презеде следните активности:

[8] Сектор за административни и тенички работи

- изврши измена на **Упатството за работа на Одделението за управување со ризици за примена на процесот на управување со ризици,** со кое се уредува начинот на работата на Одделението за управување со ризици како организационен дел од Секторот за контрола и истраги, како и процесот на управување со ризици во Царинската управа;
- изврши измена на **Упатството за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување на нелегална трговија и олеснување на трговијата**[9] и изготвени се обрасци за квантитативните таргети за 2015 година;
- со цел ефективно спроведување на процесот за управување со ризик во царинската постапка организирано е учество на Работилница за проценка на анализа на ризик и физичка и документарна контрола на изведбата, организирана преку инструментот за претпристапна помош TAIEX.

Со имплементација на новиот систем за обработка на царински декларации ќе се овозможи поефективно користење на системот на управувањето со ризици во поглед на намалување на бројот на извршени контроли, а притоа зголемување на бројот на откриени неправилности, т.е поголема ефикасност на системот за ризици.

Резултати од поставените контролни механизми и преземените активности се:

- направена е анализа со број на контроли споредбено со изминатата година;
- намалено е времето на процесирање на транзитни документи на граничните премини. Во споредба со почетокот на реализацијата на Проектот, времето на процесирање во првиот квартал од 2015 година е скратено за 7%;
- намалено е времето на процесирање на декларациите во стоковите царински испостави. Во споредба со почетокот на реализацијата на Проектот, времето на процесирање во првиот квартал од 2015 година е скратено за 10%;
- намален е процентот на декларации кои се доделени на т.н. „црвен канал" односно физички преглед на стока за царинење, а исто така е намален процентот на декларации кои се доделени на т.н. „жолт канал" или на документи.

## *Царинска и друга контрола*

### *Физичка царинска контрола*

***Физичката царинска контрола опфаќа контрола на законитоста на влез, излез и транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката за нејзино царинење.***

Со примена на системот за анализа на ризик, во текот на вториот квартал од 2015 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола, резултираше со над 180 успешни наоди,

[9] Поставувањето на Квантитативните таргети и нивната реализација се едни од основните активности на Царинската управа. Преку нив се задаваат мерливи задачи за вршење на контроли на организационите единици. Таргетите се одбираат така да да бидат колку што е можно повеќе остварливи и преку анализа и споредба со поставените и реализираните таргети да се врши насочување на ресурсите кон високоризичните профили.

при што беа опфатени стоки по 240 критериуми, меѓу кои поинтересни се подолу прикажаните заплени и привремено задржани стоки (која се реализираше со користење на разновидна опрема донирана од ЕУ и опрема донирана преку Програмата EXBS, американска амбасада во Скопје).

**РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА ФИЗИЧКА КОНТРОЛА**

| Вид на наод | Ед. мерка | 2014 | | | | | | 2015 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Q1 | | Q2 | | Вкупно 2014 | | Q1 | | Април | | Мај . | | Јуни | | Q2 | | Вкупно | |
| | | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум |
| Спречување нелегна трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори | Кг | 12.44 | 3 | 88 | 9 | 149.5 | 34 | 18.31 | 7 | 0.00 | 1 | 0.219 | 2 | 0.001 | 1 | 0.22 | 4 | 18.53 | 11 |
| Спречување нелегална трговија си оружје и распрскувачки материи и предмет | Парче | 289 | 4 | 80 | 2 | 14614 | 23 | 184 | 4 | 637 | 2 | 0 | 0 | 1762 | 1 | 2,399 | 3 | 2583 | 7 |
| Заштита на културното наследство | Парче | 0 | 0 | 29 | 1 | 29 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Спречување на нелегална трговија со живи животни | Парче | 412 | 3 | 32 | 2 | 1748 | 8 | 10 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 2 |
| Спречување илегална имиграција | Лица | 11 | 2 | 11 | 3 | 572 | 38 | 198 | 16 | 34 | 1 | 995 | 6 | 153 | 8 | 1,148 | 15 | 1346 | 30 |
| Спречување недозволено пренесување на готови пари и хартии од вредност (илјади евра) | Евра | 1571 | 13 | 195 | 15 | 2954 | 80 | 330 | 22 | 40 | 6 | 58 | 6 | 30 | 8 | 128 | 20 | 458 | 42 |
| Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала | Парче | 5319 | 8 | 2,972 | 4 | 30507 | 31 | 5200 | 5 | 5751 | 3 | 1000 | 1 | 84 | 1 | 6,835 | 5 | 12035 | 10 |
| | Кг | 5 | 1 | 0 | 0 | 5 | 1 | 10 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 10 | 0 |
| Спречување неовластена трговија со прехранбени производи | Кг | 585 | 10 | 11,011 | 12 | 14684 | 55 | 6540 | 8 | | 2 | 0 | 1 | 17 | 13 | 57 | 16 | 6597 | 24 |
| | литри | 429 | 0 | 24 | 0 | 1078 | 1 | 469 | 2 | | | 67 | | 1121 | | 1,188 | 0 | 1657 | 2 |
| | парче | 8872 | 0 | 50 | 0 | 27720 | 2 | 48 | 0 | 883 | | | | 3884 | | 4,767 | 0 | 4815 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи (илјади парчиња) | Парче | 121 | 17 | 238 | 30 | 642 | 74 | 131 | 18 | 27 | 5 | 97 | 7 | 46 | 13 | 170 | 25 | 301 | 43 |
| | Кг | 0 | 0 | 53 | 1 | 64 | 1 | 46.50 | 0 | | | 6 | | 50 | | 56 | 0 | 102.50 | 0 |
| Спречување забранета употреба на екстра лесно гориво | Парче | 3 | 3 | 2 | 2 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали | Парче | 1680 | 24 | 3,285 | 26 | 21348 | 135 | 8954 | 40 | 4861 | 9 | 3185 | 5 | 523 | 10 | 8,569 | 24 | 17523 | 64 |
| | Kg | 0 | 0 | 64 | 0 | 1609 | 0 | 201 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 201 | 0 |
| | ролни | 0 | 0 | 0 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | М | 172 | 0 | 27 | 0 | 56638 | 2 | 11200 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 11200 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со бижутерија, галантерија и предмети и накит од благородни метали | Парче | 7788 | 12 | 1,982 | 12 | 16036 | 49 | 6622 | 20 | 2026 | 6 | 0 | 0 | 44 | 3 | 2,070 | 9 | 8692 | 29 |
| | Кг | 2 | 0 | 1 | 0 | 9 | 1 | 2.23 | 0 | 0.39 | | | | 0.30 | | 0.69 | 0 | 2.91 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл. | Парче | 1928 | 5 | 1,709 | 5 | 9975 | 24 | 6160 | 7 | 38 | 1 | 98 | 2 | 282 | 3 | 418 | 6 | 6578 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | | | 4 | | 4 | 0 | 4 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со други видови стоки | Парче | 42054 | 76 | 110,162 | 85 | 169953 | 281 | 22602 | 81 | 74977 | 48 | 3061 | 42 | 43476 | 23 | 121,514 | 113 | 144116 | 194 |
| | Метри | 3 | 0 | 4,000 | 0 | 72323 | 0 | 0 | 0 | | | | | 300 | | 300 | 0 | 300 | 0 |
| | Кг | 40 | 0 | 4,558 | 0 | 5077 | 0 | 3318 | 0 | | | | | 63 | | 63 | 0 | 3381 | 0 |
| | литри | 149 | 0 | 67 | 0 | 352 | 0 | 30 | 0 | | | | | 370 | | 370 | 0 | 400 | 0 |
| **Вкупно критериум** | | | **181** | | **209** | | **845** | | **233** | | **84** | | **72** | | **84** | | **240** | | **473** |

Според бројот на акции и количината на привремено задржани и запленети предмети, евидентно е дека и покрај интензивните акции и резултати од акциите за спречување нелегална трговија со наркотички дроги, нелегалната трговија се манифестира со обиди за шверц и криумчарење на мали пратки на производи за широка потрошувачка што сеуште подлежат на увозни давачки.

### Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори и трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети

Во вториот квартал за 2015 година во 4 обиди е спречен шверц на наркотични дроги од околу 0,2 кг. (18,63 гр. марихуана и 200 гр. хероин), а во 3 обиди е спречен шверц на оружје и распрскувачки материи и предмети ( вкупно 2.399 парчиња).

*На граничниот премин Табановце при влез во државата запленети 635 парчиња пиротехнички материјали.*




### Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во вториот квартал за 2015 година во 25 обиди е спречен шверц на околу 170 илјади парчиња цигари и 56 килограми режан тутун. При откривање на цигарите користена е опремата од донацијата EXBS од Американска амбасада.

*На граничен премин Деве Баир при излез од државата откриени се непријавени 30.000 парчиња цигари.*



*На граничен премин Богородица при влез во државата откриени се непријавени 12.000 парчиња цигари.*



# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во вториот квартал од 2015 година во 20 обиди спречен е шверц на готови пари и тоа: 112.800 евра, 4.950 канадски долари, 7.800 американски долари и 5.400 швајцарски франци.

*На граничниот премин Табановце при излез од државата откриени се и одземени 37.000 евра.*



*На граничниот премин Табановце при излез од државата откриени се и одземени 5.000 евра.*



## Спречување неовластена трговија со прехрамбени производи

Во вториот квартал од 2015 година во 16 случаи е спречен шверц на околу 57 килограми, 1.188 литри и 4.767 парчиња прехранбени производи (кафе, алкохол и додатоци во исхраната).

*На Царинската испостава Аеродром Скопје при влез во државата царинските службеници откриле непријавени 540 парчиња витамини.*



## Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во вториот квартал на 2015 година во 24 обиди беше спречен шверц на околу 8.569 парчиња текстил.

*При контрола на царинските службеници на ГП Аеродром пронајдена е и привремено задржана разна стока и тоа од околу 68 парчиња свечени фустани.*



*При контрола на царинските службеници на ГП Богородица пронајдена е и привремено задржана разна стока и тоа од околу 256 парчиња готови текстилни производи.*



## Контрола на управувањето со странски возила и јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во периодот април - јуни 2015 година Царинската управа привремено задржа 74 моторни возила, од кои 73 патнички моторни возила и еден моторцикл.

ЦУРМ самостојно и во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во вториот квартал од 2015 година откри 9 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки, при што се изречени 8 глоби, се издадени 5 решенија за забрана за влез или излез од Република Македонија.

## *Пријавени девизи*



На граничните премини во Република Македонија, во вториот квартал од 2015 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 3.358.720 евра, од кои 3.313.720 евра на влез во Република Македонија и 45.000 евра на излез од Република Македонија.

Од вкупно пријавените девизи, 2.888.451 се евра, 290.080 се швајцарски франци, 152.182 се американски долари, 50.000 се канадски долари, 2.900 австралиски долари, 175.000 норвешки круни и 11.500 македонски денари.

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 1.282.969 евра или 38,2%), ЦИ Блаце (противвредност на 714.433 евра или 21,3%), ЦИ Табановце автопат (противвредност на 651.900 евра или 19,4%) и ЦИ Богородица (противвредност на 521.686 евра или 15,5%).

Во вториот квартал од 2015 година пријавени се за 15,4% помалку девизи во однос на првиот квартал во 2015 година, а во однос на вториот квартал во 2014 година, пријавени се за 1,5% помалку девизи.

## Царинска лабораторија



Во вториот квартал за 2015 година во царинската лабораторија се примени 138 мостри. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбена индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа од вкупно 138 анализирани мостри, во 30 случаи или 22% (од кои 22 врз основа на анализа на техничка документација, 8 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака и непочитување на мерките на трговска политика. Несоодветното распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.

## *Документарна царинска контрола*

***Документарната царинска контрола е контрола на соодветноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола***

***се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и нивните управители, но се однесува и на физички лица без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.***

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во текот на вториот квартал од 2015 година, во над 7.497 случаи се откриени несоодветни документи за

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | **Вкупно** |
| **2014** | Q1 | Невалидни | 4,569 | 62 | 80 | 7 | 4 | **4,722** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,409 | 28 | 24 | 5 | 0 | **1,466** |
| | | Вкупно | 5,978 | 90 | 104 | 12 | 4 | **6,188** |
| | Q2 | Невалидни | 5,252 | 67 | 129 | 2 | 0 | **5,450** |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| | | Други | 2,329 | 25 | 24 | 9 | 0 | **2,387** |
| | | Вкупно | 7,585 | 93 | 153 | 11 | 0 | **7,842** |
| | Вкупно 2014 | Невалидни | 20,659 | 333 | 473 | 35 | 6 | **21,506** |
| | | Фалсификат | 4 | 2 | 0 | 5 | 0 | **11** |
| | | Други | 7,890 | 100 | 107 | 60 | 43 | **8,200** |
| | | Вкупно | 28,553 | 435 | 580 | 100 | 49 | **29,717** |
| **2015** | Q1 | Невалидни | 2,969 | 151 | 143 | 15 | 2 | **3,280** |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 13 | 0 | **14** |
| | | Други | 2,538 | 38 | 37 | 2 | 0 | **2,615** |
| | | Вкупно | 5,507 | 190 | 180 | 30 | 2 | **5,909** |
| | Април | Невалидни | 1,274 | 42 | 40 | 0 | 0 | **1,356** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,023 | 10 | 14 | 1 | 0 | **1,048** |
| | | Вкупно | 2,297 | 52 | 54 | 1 | 0 | **2,404** |
| | Мај | Невалидни | 1162 | 25 | 39 | 6 | 0 | **1232** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | **3** |
| | | Други | 1098 | 11 | 13 | 0 | 24 | **1146** |
| | | Вкупно | 2260 | 36 | 52 | 9 | 24 | **2381** |
| | Јуни | Невалидни | 1414 | 44 | 60 | 6 | 0 | **1524** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | **6** |
| | | Други | 1150 | 13 | 19 | 0 | 0 | **1182** |
| | | Вкупно | 2564 | 57 | 79 | 12 | 0 | **2712** |
| | Q2 | Невалидни | 3,850 | 111 | 139 | 12 | 0 | **4,112** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | **9** |
| | | Други | 3,271 | 34 | 46 | 1 | 24 | **3,376** |
| | | Вкупно | 7,121 | 145 | 185 | 22 | 24 | **7,497** |
| | Вкупно | Невалидни | 6,819 | 262 | 282 | 27 | 2 | **7,392** |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 22 | 0 | **23** |
| | | Други | 5,809 | 72 | 83 | 3 | 24 | **5,991** |
| | | Вкупно | 12,628 | 335 | 365 | 52 | 26 | **13,406** |

царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 7.112 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 145 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 185 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 46 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 215 милиони денари на име увозни давачки.

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на употребувани ПМВ[10], употребувани автоделови, козметички производи, готови текстилни производи, прехрамбени и кондиторски производи (супи, чипс, сок, еурокрем, чоколади, наполитанки, чоко бабани, зачини), кујнски садови, рекламен материјал, керамички плочки и др.

## *Постцаринска контрола*

***Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др*.**

Во вториот квартал од 2015 година, извршени се 244 контроли на трговски друштва, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 25 контроли на трговски друштва на увозни или извозни постапки и документарна контрола откриен е 31 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од околу 30,3 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт, трошоци за натовар, истовар и манипулација поврзани со

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

| Вид на контрола | 2014 | | | 2015 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Вкупно 2014 | Q1 | Април | Мај | Јуни | Q2 | Вкупно |
| Контрола на трговски друштва | 13 | 22 | 72 | 27 | 5 | 10 | 6 | 21 | 48 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 20 | 18 | 56 | 17 | 4 | 4 | 6 | 14 | 31 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 55 | 62 | 237 | 59 | 23 | 23 | 20 | 66 | 125 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 43 | 45 | 235 | 44 | 18 | 13 | 24 | 55 | 99 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 3 | 1 | 20 | 5 | 1 | 0 | 1 | 2 | 7 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 34 | 58 | 220 | 83 | 24 | 20 | 37 | 81 | 164 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 0 | 58 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 3 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 5 | 7 | 25 | 3 | 2 | 0 | 0 | 2 | 5 |
| **Вкупно** | 173 | 213 | 923 | 238 | 77 | 70 | 99 | 244 | 482 |

[10] Патнички моторни возила

транспортот на увезените стоки, неправилно пријавено преференцијално потекло на увезени стоки, неправилно утврдена даночна основица на увезени стоки, непријавување за увозно царинење и прикажување на помала вредност од вистински платената.

При извршените 12 контроли на иматели на акцизни одобренија, корисници на ТНГ[11] како погонско гориво и документарна контрола се откриени случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки. При контролите на регистрирани трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување на горивата откриени се 10 случаи на непридржување на обврските утврдени со член 31-а од Законот за акцизите.

Во истиот период 2014 година извршени се 213 контроли на трговски друштва по разни основи.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

***Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.***

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во текот на вториот квартал од 2015 година, Царинската управа на име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ донесе 627 решенија, на вкупен износ од околу 16,8 милиони денари, од кои:

- 98 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 4,7 милиони денари, поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 51 решение за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 3,2 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- 63 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 1,7 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот,
- 415 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 7,2 милиони денари по други основи и тоа: измена на податоци во царински декларации, нераздолжена транзитна постапка, плаќање на увозни давачки за пуштање во слободен промет пред истекот од рокот за кој стоката била ослободена од давачки, наплата на трошоци за извршени анализи на земени мостри, дополнителна наплата по основ на сторен прекршок, дополнителна наплата по основ на комисиски записници за наод, извршени теренски контроли во трговски друштва и др.

[11] Течен нафта и гас

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во вториот квартал од 2014 година Царинската управа донесе 136 решенија за наплата на увозни давачки и ДДВ со вкупен износ од околу 8,5 милиони денари

## Кривични пријави

Царинската управа во вториот квартал од 2015 година поднесе 27 кривични пријави против 30 физички и 18 правни лица. Во овој период поради поради недозволено тргување со наркотички дроги поднесена е една кривична пријава против едно физичко лице. Поради недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали, беа поднесени 3 кривични пријави против 3 физички лица. Поради криумчарење беа поднесени 5 кривични пријава против 5 физички лица. Поради даночно затајување беа поднесени 7 кривични пријави против 8 физички лица и 6 правни лица. Поради изготвување на лажна исправа и преправање во вистинската и нејзина употреба беше поднесена една кривична пријава против едно физичко лице и едно правно. Поради промет на акцизни стоки без бандероли беше поднесена една кривична пријава против едно физичко лице и едно правно лице. Поради фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак беа поднесени 7 кривични пријави против 7 физички лица и 5 правни лица. Поради царинска измама беа поднесени 4 кривични пријави против 4 физички лица и 3 правни лица.

Во истиот период 2014 година Царинската управа поднесе 33 кривични пријави против 41 физичко и 19 правни лица.

| ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | | | | | | | | | 2015 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Q1 | | | Q2 | | | Вкупно 2014 | | | Q1 | | | Април | | | Мај | | | Јуни | | | Q2 | | | Вкупно 2015 | | |
| Основ за поднесена кривична пријава | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Даночно затајување | | | | 4 | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Заштита на права од интелектуална сопственост | 11 | 8 | 10 | 12 | 12 | 12 | 49 | 46 | 48 | 8 | 8 | 8 | 3 | 2 | 3 | 4 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | 8 | 6 | 7 | 16 | 14 | 15 |
| Изготвување на лажна исправа и преправање во вистинска и нејзина употреба | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Изнесување во странство на археолошки материјал, споменик на култура | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| индустриска сопственост | 3 | 3 | 3 | | | | 4 | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Криумчарење | 1 | | 1 | 7 | 1 | 6 | 21 | 1 | 17 | 6 | | 6 | 3 | | 3 | | | | 2 | | 2 | 5 | | 5 | 11 | | 11 |
| Неовластено производство и промет со наркотици | 1 | | 1 | 10 | | 6 | 32 | 22 | | 10 | | 7 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 11 | | 8 |
| неовластено производство и промет со оружје и распрскувачки материи | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 3 | | 3 | 2 | | 2 | 1 | | 1 | | | | 3 | | 3 | 6 | | 6 |
| Промет со акцизни стоки без бандероли | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Симнување на печат или знак што го ставило овластено службено лице | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак | 1 | 1 | 1 | 5 | 2 | 5 | 15 | 10 | 14 | 6 | 4 | 6 | 4 | 3 | 2 | | | | 3 | 4 | 3 | 7 | 7 | 5 | 13 | 11 | 11 |
| фалсификување на знаци за обележување | | | | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Царинска измама | 5 | 4 | 4 | 3 | 1 | 3 | 10 | 7 | 9 | 1 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 5 |
| Вкупно | **24** | **16** | **22** | **41** | **19** | **33** | **139** | **72** | **119** | **35** | **13** | **32** | **13** | **6** | **11** | **8** | **4** | **7** | **9** | **8** | **9** | **30** | **18** | **27** | **65** | **31** | **59** |

## Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во период април - јуни 2015 година се поднесени 329 прекршочни пријави од кои, 292 за сторен царински прекршок, 22 за сторен девизен прекршок и 15 за сторен акцизен прекршок. Од вкупно поднесени прекршочни пријави, 168 се однесуваат на физички, а 161 на правни лица. Во истиот период 2014 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 210 прекршочни пријави против 181 физичко лице и 29 правно лице.

Во истиот период од 2015 година, беа решени 248 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 14,1 милион денари. Во 161 предмет покрај глобата им беше изречена и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 19 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизи кои во денарска противвредност изнесуваат околу 10,7 милиони денари.

Во текот на вториот квартал од 2015 година се изречени 868 мандатни казни против 385 физички лица и 483 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 11,1 милион денари.

Во истиот период 2014 година, е изречени 561 мандатна казна против 366 физички лица и 195 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 5,7 милиони денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во текот на вториот квартал од 2015 година Царинската управа продолжи со учество во:

- Учество во меѓународен проект AUNT II (организиран и координиран од Светската царинска организација и RILO ECE, во кој учествуваат сите земји членки на RILO ECE, а поканети се и сите земји членки на Светската царинска организација), фокусиран на следење на криумчарење на мали количини на цигари при што ќе бидат опфатени сите видови на транспорт - воздушен, морски, железнички, патен, вклучувајќи и заплени за време на транспорт во внатрешноста на земјата.
- Учество во меѓународна операција GLOBAL SHIELD (организирана од Светската царинска организација) фокусирана на следење и откривање на илегална трговија со прекурзорни хемикалии што може да се користат за производство на импровизирани експлозивни направи. Во операцијата учествуваат сите земји членки на СЦО, а ќе биде поддржувана и од INTERPOL, UNODC-WCO Container Control Programme и CARICC (Central Asia Regional I2.
- Учество во меѓународен проект GLOBAL SHIELD, изготвен извештај за увоз и извоз на хемикалии за март 2015 година и доставен преку Cencomm2 системот.
- Учество во постоперативната фаза на меѓународна операција BALKAN GATE (организирана од Светската царинска организација) фокусирана на идентификување и спречување на илегалната трговија со фалсификувани и пиратски стоки, транспортирани со сите видови на транспорт, вклучително и поштенски и експрес пратки, учесници во операцијата се Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Италија, Црна Гора, Романија и Србија.
- Учество во постоперативната фаза на меѓународна операција WESTERLIES 3 ( организирана од Светската царинска организација и царинската администрација на Јапонија) фокусирана на борбата против криумчарење на амфетамини и други опојни дроги од страна на патници во воздушниот сообраќај. Во операцијата

WESTERLIES 3 учествуваа царинските администрации на сите земји членки на Светската царинска организација и ИНТЕРПОЛ;

- Учество на осмиот состанок на Работната група за сигурност во контејнерскиот транспорт, организиран од SELEC, кој се одржа во Букурешт, Романија;
- Учество на 21-от состанок на работната група за откривање и спречување на недозволената трговијата со дрога во Бугарија, во организација на СЕЛЕК Центарот во Букурешт;
- Учество на 15-ти состанок на работната група за борба против царински измами, шверц на цигари и пренесување на фалсификувана стока во Букурешт, Романија, во организација на СЕЛЕК Центарот во Букурешт;
- Учество на тркалезна маса за борба против тероризмот и радикализацијата, во организација на Институтот за геостратешки истражувања и надворешни политики при МНР а во соработка со МВР, одржана во Скопје.

Во текот на овој квартал од 2015 година, Царинската управа во CEN базата внесе 22 заплени, како и 17 информации за запленета стока до SELEC центарот и достави информации до ЗКА Балкан инфо за 3 заплени на дрога и достави една информација за заплена на заштитени видови животни преку ENVIRONET и EU TWIX.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*




Во втор квартал 2015 година бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 530, од нив 328 се активни корисници и истите оствариле 31 пристап до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки**: TRUSSARDI, SPIDERMAN, FISHER-PRICE, CACHAREL, MICKEY MOUSE logo, MINNIE MOUSE logo, PLUTO logo, BARBIE, VIEW-MASTER, MATCHBOX, TYCO, LA VIVA FRUIT, SCRABBLE, BUGATTI, RANGE ROVER и HUMMEL.

На крајот на вториот квартал од 2015 година во Царинската управа бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од

интелектуална сопственост изнесуваше 308, додека на на крајот на 2014 година изнесуваше 345.

Во периодот април – јуни 2015 година во **47** акции, привремено се задржани **119.866** парчиња и 350 кг стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Привремено задржана стока заклучно со 30 јуни 2015 година:

| ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на производи** | **Ед. мерка** | **2014** | | | **2015** | | | | | |
| | | | **Q 1** | **Q 2** | **Вкупно 2014** | **Q 1** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Q 2** | **Вкупно** |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,614 | 185,454 | 200,864 | 4,935 | 3,999 | 835 | / | 4,834 | 9,769 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 4,790 | 11,097 | 32,419 | 577 | 1,108 | 334 | / | 1,442 | 2,019 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 100,343 | 282,800 | 546,317 | 52,780 | 510 | 22,767 | 1,167 | 24,444 | 77,224 |
| | | Кг. | | 768 | 768 | | | 350 | | 350 | 350 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 3,053 | 1,095 | 7,876 | 678 | 60 | 2 | 2 | 64 | 742 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | / | / | 1,208 | 522 | 163 | 1,176 | / | 1,339 | 1,861 |
| 6 | Друго | Парче | 16,637 | 84,796 | 156,618 | 408,097 | 87,122 | 615 | 6 | 87,743 | 495,840 |
| | **Вкупно** | Парче | **126,437** | **565,242** | **945,302** | **467,589** | **92,962** | **25,729** | **1,175** | **119,866** | **587,455** |
| | | Кг. | | **768** | **768** | | | **350** | | **350** | **350** |

Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 68%.

Во 24 случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост, количина од 926 парчиња и 350 кг. козметички производи, 690 парчиња текстилни производи, 890 чоколади, 33 парчиња греалки, 11 вентилатори и 139 пара обувки е ослободена поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека истата е оригинална; количина од 300 парчиња детски велосипеди, 60 парчиња батерии за мобилни телефони, 12 парчиња новчаници, 48 парчиња детски играчки, 73 парчиња козметички производи и 195 пара обувки е ослободена поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека истата не повредува право од интелектуална сопственост; количина од 7.200 парчиња детски шампони, 2.968 парчиња текстилни производи, 912 пара обувки и 500 парчиња хартиени кеси, 732 парчиња детски играчки и 22.278 парчиња козметички производи е ослободено поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки не изразиле интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост; додека за количина од 5.760 парчиња овошни сокови застапникот на имателот на трговската марка се изјасни дека нема да превземе дејствија во овој случај.

По повод 26 Април – Светскиот ден на интелектуална сопственост, на 24 Април 2015 година во соработка со Кординативното тело за интелектуална сопственост во ЈП Дрисла уништени се вкупно 1.033 парчиња и 4 ролни (100 кг) метража -

**фалсификувана стока** (1.008 парчиња патосници, 25 парчиња текстилни производи и 4 ролни (100 кг.) метража).

## *Бесплатно отстапување на стока*

Во периодот април – јуни 2015 согласно членот 19-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за цармински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост („Сл.весник на РМ"бр.69/13), Царинската управа согласно донесената Одлука за бесплатно отстапување на содземена стока од страна на Владата на Република Македонија на Министерството за труд и социјална политика и отстапи вкупно 5.400 парчиња текстилни производи. Исто така во соработка со застапниците на носителите на правата на трговските марки, Царинската управа утврди нови количини и согласност за отстапување на одземена стока од магацините на Царинската управа и тоа 380 парчиња текстилни производи (долен дел тренерки) и 360 пара спортски обувки.

## Односи со јавноста

***Информирањето и комуникациите претставуваат клучен елемент за надградба на капацитетите за заеднички пристап во промовирањето на акциите, вредностите и целите на Царинската управа на Република Македонија на транспарентен и професионален начин, се со цел да се добие јавна поддршка за своите активности.***

Во таа насока, во првиот квартал од 2015 година објавени се 34 соопштенија за непријавена, фалсификувана стока, откриени царински измами, воведени новитети во царинско работење и одржани се две прес – конференции.

### Позначајни настани

#### Одбележан 14 април – денот на Царинската управа



Царинската управа, традиционално, го прослави и одбележа својот празник – 14 април. По тој повод, во амфитеатарот на Царинската управа се одржа традиционалната свечена церемонија на која присуствуваа високи претставници на државата, министерствата, дипломатскиот кор, претставници на науката и бизнис заедницата, колегиумот на Царинската управа и други соработници и пријатели на Царинската управа. На свеченоста беа презентирани и активностите за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заеднички транзит, како и значењето на пристапувањето кон оваа Конвенција за деловната заедница. Беше нагласено дека по успешното воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем за обработка на транзитни декларации на национално ниво, нашата држава е пред уште еден значаен чекор кон европската интеграција - приклучување кон Конвенцијата за заеднички транзитен систем. Пред присутните презентирани беа и информативниот спот изработен за подигање на свеста на граѓаните за можноста за усно пријавување на стока кај брзи пратки без дополнителни трошоци за шпедитерски услуги, односно за пријавување на стоката без поднесување на царинска декларација во писмена форма.



Во рамки на одбележувањето на царинскиот празник и оваа година, шеста по ред, успешно беше организирана крводарителска акција на која својата хуманост ја покажаа над 150 царински службеници. Денот на Царинската управа беше можност да ја покажеме својата човечност помагајќи им на оние на кои што помошта им е најпотребна. На сопствена инцијатива царинските

службеници успешно организираа и масовно учествуваа во акција за донирање на хуманитарна помош на три социјално загрозени семејства од Куманово.

Традиционално, на денот на Царината беше искажана благодарност на институции и поединци кои со својата работа дадоа придонес за успешната работа на Царинската управа.

### *Презентација за управување со човечки ресурси за студенти на ФТУ – отсек царина и шпедиција Охрид*

Со цел на универзитетите да им се овозможи да воспостават центри за кариера, а на нивните студенти, можност да ги надградат теоретските и практичните знаења, на 8 април 2015 година, претставници на Царинската управа одржаа предавање за студентите запишани на отсекот Царина и шпедиција при Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Студентите имаа можност да се запознаат и подетално да слушнат за системите за вработување, прераспоредување, унапредување, оценување и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници, како и законските основи за практична примена на споменатите системи во Царинска управа на Република Македонија. Студентите покажаа голем интерес за начинот на вработување и градење кариера во Царинската управа и активно се вклучија со прашања до предавачите.

### *Работен состанок по повод пристапувањето на Македонија кон Конвенцијата за заеднички транзит*

На 19 мај 2015 година, во амфитеатарот на Царинска управа, се одржа работен состанок со главните обврзници односно застапници во транзитна постапка, со осврт на промените кои треба да се применуваат од 01.07.2015 година со пристапувањето на Република Македонија во Конвенцијата за Заедничката транзитна постапка. На обуката претставници на над 90 компании чија работа е поврзана со транзитната царинска постапка, се запознаа поблиску со можностите кои ги нуди ова поврзување со европскиот транзитен систем како и со своите права и обврски поврзани со овој процес. За време на состанокот се дискутираше за потребата за замена на постојните гаранции со важност само во Република Македонија со гаранции изготвени на обрасци предвидени во Конвенцијата со важност во сите или одредени земји членки на Конвенцијата. Исто така учесниците беа запознаени и со потребата за поднесување на барање за издавање на одобренија за употреба на општа гаранција од страна на сите главни обврзници на кои досега не им било издадено вакво одобрение како и за можност за промена на гарантот (банката) со доставување на нова гаранција која содржи клаузула дека новиот гарант ги презема обврските по старата гаранција. Покрај ова учесниците имаа можност да разменат искуства за примери од секојдневното работење и да добијат насоки за постапување во одредени случаи.



### *Царинската управа и Филип Морис Тутунски комбинат Прилеп потпишаа Меморандум за соработка*

Меморандумот за соработка, за зајакнување на координацијата и соработката во борбата против нелегалната трговија со тутунски производи во јуни 2015 година го потпишаа директорот на Царинската управа на Република Македонија, Наташа Радеска Крстевска и генералниот директор на Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп, Емре Козлу и претставник на Филип Морис Интернешнал Менаџмент, како трета договорна страна на Меморандумот.



Со потпишување на меморандумот, договорните страни искажаа одлучност и посветеност за реализација и натамошен развој на ефективна рамка за соработка со цел подобрување на наплатата на буџетските приходи. Меморандумот предвидува механизми за соработка меѓу Царинската управа и Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп за борба против нелегалната трговија, меѓу кои се и специфични обуки за царинските службеници и размена на информации за истраги и кривично гонење на прекршителите.

### *Царинска управа и Агенција за храна и ветеринарство потпишаа Меморандум за меѓусебна соработка*

На 25 јуни 2015 година, директорот на Царинска управа, Наташа Радеска Крстевска и директорот на Агенција за храна и ветеринарство, Зоран Поповски потпишаа Меморандум за соработка. Меморандумот е поттик за интензивирање на взаемната соработка во делот на контрола на храната од животинско и неживотинско потекло и на производите кои доаѓаат во контакт со храната со крајна цел заштита на економските, трговските, фискалните и општествените интереси на Република Македонија. Со овој документ се дефинираше соработката меѓу двете институции за спречување на влез на небезбедни пратки со храна или храна за животни, нуспроизводи од животинско потекло и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, но и начинот на спроведување на брзи и ефикасни контроли на граничните премини и складови на пратки со вакви производи.



Со потпишување на Меморандумот, Царинската управа и Агенцијата за храна и ветеринарство изразија волја за унапредување на соработката и јакнење на меѓусебната помош, следење, усогласување, оптимизација и изнаоѓање решенија на евентуални проблеми.

### *Интернет и интранет*

Во вториот квартал 2015 година страницата е посетена од вкупно 45.047 корисници.Од страна на корисниците, овој период испратени се 208 прашања, жалби и сугестии. До денес е одговорено на 149 прашања.

Во вториот квартал 2015 година на интернет страницата се објавени 110 содржини на македонски и 36 на англиски јазик, додека во вториот квартал 2014 година се објавени 125 содржини на македонски и 41 на англиски јазик.

На интранет порталот на Царинската управа во вториот квартал 2015 година објавени се 269 информации, притоа остварени се 34,6 илјади посети од 3.407 корисници, додека во истиот период минатата година е објавена 251 информација и притоа се остварени над 37 илјади посети од 3,406 корисници.

### *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) за период април - јуни 2015 година добиени се вкупно 2.451 повик или во просек 27 повици на ден и тоа: „А“[12]класа – вкупно 6 повици „Б“[13]класа – вкупно 9 повици, „С“[14]класа - вкупно 197 повици и „Ј“[15]класа – вкупно 10 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### *Граѓански дневник и барања за пристап до информации од јавен карактер*

Во вториот квартал на 2015 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен 574 пати**, а одговорено е на 2 прашања. Во вториот квартал на 2015 година одговорено е и на 3 барања за пристап до информации од јавен карактер.

### *Практикантска работа*

---

[12] **„**А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .

[13] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.

[14] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

[15] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

Во текот на вториот квартал од 2015 година Царинската управа им овозможи на 25 студенти од факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка, преку практикантска работа да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа.

## *ЦАРИНСКА СОРАБОТКА*

### *Соработка со бизнис заедницата*



На 21 мај 2015 година се одржа редовен состанок на Советодавното тело на кој беше потпишан Анекс кон Меморандумот за соработка и партнерство со кој кон Советодавното тело пристапија четири нови членки и тоа: Унијата на Германски комори за индустрија и трговија – Претставништво Скопје, Македонско – Бугарската Стопанска комора, Холандската Стопанска комора и Стопанската комора на Македонија – Турција. На состанокот претставници на Царинската управа ги информираа претставниците на бизнис секторот за добивањето на покана за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заеднички транзит и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока од 01.07.2015, предизвиците и придобивките на деловната заедница. Беа презентирани последните измени на Законот за царинска тарифа со кои се намалуваат царинските стапки за одредени производи, беше презентирано Упатството за привремен увоз и извоз на амбалажа. Исто така присутните беа информирани за активностите поврзани со ПЕМ Конвенцијата.

### *Меѓународна соработка*

#### *Делегација на ЦУРМ на Конференција на директорите на царина од европскиот регион на СЦО*



Во периодот 23 – 24 април 2015 година, директорот на Царинска управа учествуваше на Конференција на директорите на царинските управи од европскиот регион организирана од Светската царинска организација (СЦО). Конференцијата се одржа во Вроцлав, Полска. Во работата на конференцијата учествува Генералниот Секретар на СЦО Кунио Микурија и Генералниот директор на Директоратот за царина и даноци на Европската комисија, Ханс Цурек. За време на конференцијата, генералниот секретар Микурија предложил мерки за подобрување на методологијата за мерење на

успешноста во царината, кои во најголема мера се применети и во Царинската управа. На конференцијата беше договорена изработка на регионалниот стратешки план и неговото усогласување со Стратешкиот план на СЦО, кој поблиску ќе ги дефинира насоките за развој на ЦУРМ и другите управи во регионот. Разгледана беше и работата и успешноста на Регионалните канцеларии за разузнавање (РИЛО) во 2014 година и договорени активности за следниот период. На конференцијата беа разгледани досегашните активности и договорени се конкретни активности за идниот период на Регионалната организација за градење на капацитети (ROCB) на европскиот регион од СЦО во Баку за 2015 – 2016 година. На маргините на конференцијата, Директорот одржа билатерални средби со директорите на царинските управи на соседните држави, со цел запознавање со тековните активности, размена на мислења за актуелните предизвици во регионот и договарање на билатерални активности, особено поврзани со воведувањето на системот за заедничкиот европски транзит (НКТС) во Република Македонија.

### *Делегација на Царинската управа на царински форум „Економски појас на патот на свилата" во Кина*



Во период од 27 – 28 мај 2015 година, делегација на Царинската управа на Република Македонија, предводена од директорот Наташа Радеска Крстевска, учествуваше на Форум на директорите на царинските управи насловен како „Економски појас на патот на свилата", кој се одржа во Народна Република Кина, со цел поврзување и развој на царините. На форумот присуствуваа претставници од околу 60 земји учеснички, високи претставници на сите значајни европски и светски организации поврзани со царинското работење како и Генералниот секретар на Светската царисника организација, Кунио Микурија. По потпишувањето на Рамковниот договор за соработка и олеснување на царинењето помеѓу царинските служби на Народна Република Кина, Македонија, Србија и Унгарија во декември 2014 година и откако беа направени консултации помеѓу инволвираните страни на состанокот на работната група во Шангај на 30 март 2015 година, на 27.05.2015 година директорите на четирите царински администрации потпишаа **План за соработка и олеснување на царинење за 2015-2016**, согласно кој се воспоставија контакт точки и механизми за соработка, олеснување и за сите други прашања што се однесуваат на спроведувањето на Рамковниот договор,организирање на работилници, царински семинари и состаноци на работните групи.

За време на првата сесија од Форумот, директорот на Царинската управа на Република Македонија, Радеска - Крстевска имаше излагање на тема „Сегашна состојба на развој на македонската царина и идни предизвици".

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## *Старт на проект за хармонизација на законодавството и процедурите со ЕУ поврзани со акцизите*




На 1-ви јуни 2015 година, во ЕУ Инфо-центарот во Скопје се одржа промотивен настан за одбележување на стартот на **Твининг проектот „Хармонизација на законодавството и процедурите со правото и најдобрите практики на ЕУ поврзани со акцизите“.** Целта на проектот е целосно усогласување на националното законодавство поврзано со акцизите со она на ЕУ, како и зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската управа во процесот на исполнување на европските стандарди во оваа област.

Вкупниот износ на проектот, планиран да се имплементира 21 месец, изнесува скоро 1 милион евра, од кои околу 900 илјади евра се средства финансирани од страна на Европската унија, додека останатите (околу 47 илјади евра) се национално кофинансирање, обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Проектот ќе придонесе за натамошното усогласување на законодавството и процедурите поврзани со акцизите со европското право, зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската управа заради гарантирана примена и спроведување на акцизното законодавство, подобрување на организираноста, управувањето и оперативните капацитети на Царинската управа, унапредување на пазарот и зајакнување на меѓународниот ланец на трговија, сето тоа поддржано со соодветните контролни механизми и ИТ системи.

## *САД ѝ додели опрема на Царинската управа вредна 145 илјади американски долари*

На 9 јуни 2015 година, Програмата EXBS на Амбасадата на САД во Република Македонија свечено ја врачи донацијата на опрема наменета за спречување на



незаконско тргување со стоки на Царинската управа и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Опремата која ѝ беше донирана на Царинската управа се состои од рачен рентген скенер од најнова генерација, вреден 50 илјади долари, потоа фиберскопи, бастери, детектори за радијација и друго. На свеченоста по повод примопредавањето, која се одржа на граничниот премин Блаце присуствуваа директорката на Царинската управа, г-ѓа Наташа Радеска Крстевска, помошник директорот на Секторот за гранични работи и миграции, г-дин

Маринко Кочовски и Заменик шефот на мисијата на САД, Бартон Путни и други претставници на Царинската управа, МВР и амбасадата на САД.

Директорката Радеска Крстевска изрази благодарност до Владата на Соединетите Американски Држави за одличната соработка и за силната поддршка која САД ја даваат на Македонија за нејзин развој, за реформите што државата ги прави за унапредување на можностите во сите општествени сфери и посветеноста за унапредување на стандардите и исполнување на државните стратешки цели. Таа додаде дека инвестициите во софистицирана и модерна опрема се од примарно значење како за засилување на оперативните и институционалните капацитети на царинската служба и достигнување повисоко ниво на квалитет и ефикасно работење во спречување и откривање на недозволената трговија со стока, така и за унапредување на истражните и разузнавачките делувања и поуспешно спроведување на законите.

### *Директорката на Царинската управа на 125/126та седница на Советот на светската царинска организација*

Директорката на Царинската управа на Република Македонија учествува на 125/126та Седница на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација, која се одржа од 11 до 13 јуни во Брисел, каде директорите на Царините на 179 држави членки ги разгледуваа и одобруваа препораките и извештаите на комитетите и специјализираните тела на оваа организација, определувајќи ги насоките за нивното работење во наредниот период, во насока на хармонизација на глобалното царинско работење.




Делегатите го разгледаа напредокот во реализацијата на стратешките приоритети и активности на СЦО, во областите на: безбедност и олеснување на меѓународната трговија, промовирање на фер, ефикасна и ефективна наплата на царинските приходи, заштита на општеството и јавното здравје и безбедност, градење на капацитети на царинските служби и промовирање на размена на податоци помеѓу сите учесници во царинските постапки. На ова заседание Советот ќе ги определи стратешките принципи на идното делување на СЦО.

Предмет на разгледување и усвојување беше и Акциониот план со препораки за работата на царинските служби во насока на постигнување на подобрување на конкурентноста на економските оператори.





